ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
ШТИП
Примено: 17.12.2021
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
03 | 370/1

ИСТОЧЕН РЕГИОН

СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ПРЕДЛОГ ЗА ПОТРЕБАТА ОД РАЗВИВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН, ВИДОТ И НАЧИНОТ НА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ ЗА 2022 ГОДИНА

декември 2021 година

Листа на кратенки

АВРСМ	Агенција за вработување на РСМ
ГМП	Гарантирана минимална помош
ДЗС	Државен завод за статистика
ЗЗД	Закон за заштита на децата
ЗСД	Завод за социјални дејности
ЗСЗ	Закон за социјална заштита
МТСП	Министерство за труд и социјална политика
МЛС	Министерство за локална самоуправа
СБ	Светска банка
СПП	Социјална парична помош
ССИЗПР	Совет за социјална заштита на Источен плански регион
ФПИО	Фонд за пензиско и инвалидско осигурување
ФЗО	Фонд за здравствено осигурување
ЦВ	Центар за вработување
ЦСР	Центар за социјална работа
ЦРИПР	Центар за развој на Источен плански регион
ЦРДР	Центар за ран детски развој

Листа на табели

Табела 1:	Индикатори на сиромаштија и социјална исклученост, 2018 год., по плански региони
Табела 2:	Лица на возраст до 29 години кои не се вработени, ниту се вклучени во образование или обука (NEET), 2017-2019 година, (%), по плански региони
Табела 3:	Корисници на социјална парична помош над 18 години, на 1.000 население
Табела 4:	Домаќинства-корисници на СПП во 2018 година и на ГМП во 2020 година, по региони
Табела 5:	Население на возраст од над 65 години, (%), по региони
Табела 6:	Корисници на социјална сигурност за стари лица и корисници на пензија, по региони
Табела 7:	Корисници на пензија и осигуреници, декември 2019 година, по плански региони
Табела 8:	Број на корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице и број на корисници на паричен надоместок за попреченост, 2020 година, по плански региони
Табела 9:	Население на возраст од 0 до 14 години, (%), по плански региони
Табела 10:	Корисници на додаток за образование, март 2020 година, по плански региони
Табела 11:	Корисници на посебен додаток, до 26-годишна возраст, (%), по плански региони
Табела 12:	Дневни центри за лица со попреченост, 2020 година, по плански региони
Табела 13:	Згрижувачки семејства и згрижени корисници, декември 2020 година, по региони
Табела 14:	Установи за сместување стари лица, декември 2019 година, по плански региони
Табела 15:	Деца на возраст од 0 до 5 години во детски градинки, (%), по плански региони

Листа на користени извори

- Програма за развој на социјалната заштита 2011-2021
- Ревидирана Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022
- Национална стратегија за стари лица 2010-2020
- Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020,
- Национална стратегија за деинституционализација 2018-2027 „Тимјаник"
- Национална стратегија 2020-2025 за превенција и заштита на децата од насилство
- Стратегијата за регионален развој на РСМ 2021-2031
- Закон за социјална заштита
- Закон за социјална сигурност на стари лица
- Закон за заштита на децата
- Закон за правда за децата
- Закон за семејство
- Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство
- Закон за спречување и заштита од дискриминација
- Закон за пензиско и инвалидско осигурување
- Закон за инвалидски организации
- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност
- Закон за вработување на инвалидни лица
- Законот за рамномерен регионален развој
- Закон за локална самоуправа
- Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа
- Закон за меѓуопштинска соработка
- Извештај за работа за 2020 година на МЦСР Штип
- Извештај за работа за 2020 година на МЦСР Кочани
- Извештај за работа за 2020 година на МЦСР Делчево
- Извештај за работа за 2020 година на МЦСР Берово
- Извештај за работа за 2020 година на ЦСР Пробиштип
- Извештај за работа за 2020 година на ЦСР Виница
- Годишен извештај за 2020 година на Агенцијата за вработување на РСМ
- Извештај за работата на ФПИО за 2019 година
- Извештаи на МТСП
- Извештаи на Заводот за социјални дејности
- Програма за развој на Источен плански регион 2021-2026
- Социјален план 2021-2024 на Општина Штип
- Програма за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2022 година
- Програма за социјална, детска и здравствена заштита на општина Пробиштип за 2022 година
- Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2022 година
- Социјален план на Општина Делчево за 2021-2022 година
- „Социјалната заштита во Македонија: регулатива и практика". 2019. Скопје. МТСП.
- „Социјалните услуги во општините во Северна Македонија: капацитет, ризици, потреби". 2020. Скопје. Finance Think. МТСП
- „Социјална заштита и вклученост на локално ниво: Збирка на мониторинг извештаи". 2017. Скопје. Институт за демократија Социетас Цивилис
- „Анализа на состојбите во социјалната заштита и социјалното вклучување на локално ниво". 2010. Скопје. Институт за човекови права „Лудвиг Болцман"
- „Децентрализација на социјалната заштита во Република Македонија - фактичка состојба, предизвици и можности на локално ниво". 2012. Скопје. Институт за човекови права „Лудвиг Болцман"

ВОВЕД

Со основањето на Советот за социјална заштита на Источен плански регион се конституира нов актер во областа на социјалната заштита и планирањето на развојот на социјалните услуги.

Со функционирањето на ова тело за првпат ќе се добие институционално артикулирање на регионалната компонента на социјалната заштита. Но, исто така, планирањето и испораката на социјалните услуги ќе се ситуира во контекстот на вкупниот развој на планскиот регион.

Работата на ова тело, сама по себе ќе даде нова интерпретацијата на социјалните предизвици, согледувајќи ги на избалансиран начин, ниту преку централизирачката и униформирачка диоптрија на министерствата, ниту, пак, преку, фрагментираниот и недоволно капацитетен поглед на општините, соочени со реалните барања и потреби на граѓаните, но, без реални фискални и останати неопходни ресурси.

Самите потреби во работењето на Советот ќе дадат поттик и за воспоставување на регионални бази на социјални податоци и водење и ажурирање на соодветни регионални социјални статистики без кои е невозможно планирањето на социјалниот развој и обезбедувањето социјални услуги во планскиот регион.

Советот за социјална заштита на Источен плански регион се очекува да даде и нов поттик на забавените и речиси застанати процеси на децентрализација. Но, исто така, и на неопходната меѓуопштинска соработка, која во областа на социјалната заштита, за најголем дел од општините претставува најоптимален и најрационален модус на соочување со социјалните предизвици.

Советот за социјална заштита на Источен плански регион во стручната поддршка на Центрите за социјална работа од Источниот плански регион и искуствата во подготовката и менаџментот на регионалните развојни проекти на Центарот за развој на Источен плански регион добива на располагање моќни алатки за добра подготовка и успешна реализација на своите развојни планови и проекти.

Двете ресорни министерства, МТСП и МЛС, надлежни за социјалната заштита и регионалниот развој силно ги поддржуваат отпочнатите процеси кои финално треба да доведат до најоптимален модел на децентрализација на социјалната заштита и сервисирање на социјалните услуги во полза на корисниците и на севкупниот социјален развој на регионите.

Меѓународните извори, кои низ годините вложија големи напори и средства да ги помогнат реформите во социјалната сфера и регионалниот развој, исто така, со големи очекувања ги следат овие процеси како платформа за натамошна фокусирана поддршка на социјалниот развој.

„Предлогот за потребата од развивање на социјални услуги во планскиот регион, видот и начинот на воспоставување на услугите" како клучен документ од работењето на Советот за социјална заштита на Источен плански регион е проектиран и прецизно наведен во ЗСЗ. Но, понатаму, ниту во законот, ниту во подзаконските акти, нема поблиски насоки за негово изготвување - обем, формат, минимум квантитативни и квалитативни содржински параметри и начин на нивна обработка. Исто така, во официјалните разговори со раководните чинители во МТСП беше соопштено дека немало потреба од давање посебни насоки и дека Советите на планските региони имаат слобода да го креираат овој документ врз основа на нивните согледби.

Во ЗСЗ стои обврската дека овој документ треба да се генерира најмалку еднаш годишно што сугерира негово акциско форматирање. Од друга страна, за да се пристапи кон таква операционализација неопходно е прво да постои соодветна среднорочна рамка за политиката на социјални услуги во планскиот регион. Оттаму, треба да се разгледа и упати до МТСП на мислење сугестијата дека можеби посоодветен пристап

би бил оној налик на решенијата на општинско ниво. Односно, Советот за социјална заштита на планскиот регион, слично како и општинските совети за социјална заштита, на почетокот на својот мандат да донесе програмски документ - Социјален план на планскиот регион, кој потоа на годишно ниво би се операционализирал во соодветен годишен акциски формат.

Подготовката на овој прв Предлог документ од ваков формат е заснована на спроведеното теренско истражување со длабинско персонализирано интервјуирање на клучните чинители на социјалната заштита на подрачјето на Источниот плански регион и со непосредна физичка посета и увид на инфраструктурата и капацитетите за развивање и одржливо испорачување на социјалните услуги во планскиот регион. Исто така, подготовката е заснована и на достапната релевантна нормативна, програмска и истражувачко-студиска документација, при што се користени нотираните извори.

Целта на овој документ е врз основа на идентификуваните социјални ризици во планскиот регион, да ги артикулира потребите за развивање на социјални услуги во планскиот регион, видот на потребните социјални услуги, најсоодветниот начин на воспоставување на социјалните услуги и капацитетите за испорака на социјалните услуги во регионот.

СТРАТЕГИСКИ, НОРМАТИВНИ И ПРОГРАМСКИ РАМКИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

На ниво на плански регион, за остварување на дејноста на социјалната заштита, општините формираат Совет за социјална заштита на Источен плански регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион. ССЗИПР најмалку еднаш годишно до МТСП доставува Предлог за потребата од развивање на социјални услуги во планскиот регион, видот и начинот на воспоставување на услугите.

МТСП обезбедува средства за развивање и давање социјални услуги од општините, под услови и во постапка утврдени со Законот за социјална заштита. Средствата за развивање и давање социјални услуги рамномерно се распоредуваат за социјалните услуги по плански регион во ист или повисок износ од доделените средства за таа намена во претходната година по плански регион.

МТСП најмалку еднаш годишно објавува јавен повик за обезбедување социјални услуги од општините, здруженијата и приватните даватели на социјални услуги од мрежата на овластени даватели на социјални услуги. Во јавниот повик се наведува видот на социјалните услуги за кои се доделуваат средствата, висината на средствата кои се доделуваат, потребните документи кои се поднесуваат, роковите за спроведување на постапката по јавниот повик и временскиот период во кој ќе се даваат социјалните услуги, за секој плански регион. МТСП по потреба објавува јавен повик за иновативни и интервентни социјални услуги.

При утврдување на видот на социјалната услуга за која се обезбедуваат средствата преку јавниот повик, се зема предвид предлогот доставен од ССЗИПР.

Согласно ЗСЗ, нормираните социјални услуги можат да се користат доколку се развиени и достапни, и оттаму, ССЗПР треба да придонесе нормативно поставените социјални услуги да бидат и реално достапни, односно, да бидат развиени и испорачани што поблиску до корисниците. Анализите во овој документ покажуваат дека, за жал, само мал дел од законски пропишаните социјални услуги се реално достапни во Источниот плански регион, а едвај по некоја социјална услуга до сите социјално ранливи категории граѓани, на целото подрачје на планскиот регион.

Може да се заклучи дека пред ССЗИПР стои благородна и тешка задача големиот регистриран јаз помеѓу нормативните и реалните права на користење социјални услуги, постепено, но, упорно и во континуитет, да го стеснува и премостува.

Процесите на децентрализација во доменот на социјалните услуги се во почетна фаза. Од една страна, општините сè уште недоволно ја препознаваат својата социјална функција во донесување на сопствени програми од областа на социјалната заштита, заради организирање и спроведување на социјалната заштита за граѓаните од своето подрачје, како и во развојот на социјалните услуги во заедницата. Од друга страна, централната власт, и покрај бројните најави и декларативни заложби, никако не може да направи порешителен чекор во насока на суштинска фискална децентрализација со што би се создале и реални услови за преземање и извршување на дел од надлежностите и во социјалната заштита.

Во отсуство на доволни финансиски средства и институционални капацитети, општините во Источниот плански регион, впрочем, како и во целата држава, сè уште немаат изградено ефикасни системи на поддршка и грижа за социјалните потреби на ранливите лица, како и соодветни информации и бази на податоци за бројот на ранливи групи, за видовите на ранливост, нивните специфични потреби и ограничувања, кои понатаму би се користеле за подготовка на соодветни локални програми и решенија базирани на локаните потреби на населението.

Правата и услугите од социјална заштита се обезбедуваат од државата, додека општините само незначително се вклучуваат со ограничени средства. Испораката на социјалните услуги е особено централизирана, иако се создадени институционални и законски можности за нивна децентрализација на локално ниво и кај приватни даватели. Со процесот на децентрализација на социјалните услуги е неопходно локалната самоуправа сè повеќе да ја презема надлежноста во делот на развој на социјалните услуги, прилагодени на конкретните потреби на населението во локалната заедница.

Покрај регионалните Совети за социјална заштита, со ЗСЗ е предвидено востановување и на општински Совети за социјална заштита. Општинскиот совет за социјална заштита изготвува социјален план за подрачјето на општината. Социјалниот план содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината. Градоначалникот, врз основа на социјалниот план, изготвува годишна програма за социјалната заштита, која ја донесува Советот на општината. Според достапните сознанија поголем дел од општините во државата сè уште го немаат формирано овој Совет. Во Источниот плански регион три општини сè уште немаат формирано општински Совет за социјална заштита.

Позитивна пракса во доменот на општинската испорака на социјални услуги е Програмата за општинско корисна работа, т.е. Програмата за испорака на социјални услуги во локалната заедница, со која се унапредува системот за обезбедување социјални услуги на локално ниво преку надополнување на постојните и/или воведување нови услуги. Со оваа програма се настојува да се помогне социјалното вклучување на лицата кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот преку нивно работно ангажирање со скратено работно време заради стекнување на одредени вештини, но, истовремено и заради зголемување на понудата на социјални услуги, согласно потребите на населението во дадената општина. Во изминативе години во оваа програма беа вклучени поголем дел од општините во земјата, при што се поддржаа голем број на различни видови услуги на локално ниво, пред сè во делот на грижа за старите лица, грижа за деца и лица со попреченост, предучилишно образование, образование на возрасни.

Во функција на развојот на социјалните услуги од општините во 2019 година отпочна со реализација проектот за подобрување на социјалните услуги финансиран од заем на Светска Банка. Една од главните цели на проектот е развој и подобрување на квалитетот на социјалните услуги во локалните заедници, согласно потребите на граѓаните и зголемување на пристапот до социјалните услуги наменети за ранливите групи граѓани, постарите лица, лицата со попреченост и други лица. Општините може

да аплицираат за грантови наменети за проекти за развој на социјални услуги во локалните заедници, вклучувајќи помош и нега во домот, лична асистенција, услуги на дневен престој, услуги на привремен престој, групни домови, дневни центри, живеење со поддршка и други иновативни услуги во заедницата, реализирани од општините или во соработка со други даватели на услуги. Беше воспоставен интензивен процес на информирање на сите општини и презентирање на можностите што ги нуди проектот, односно за видот на социјалните услуги за кои општините може да аплицираат, како и за процедурите за добивање на грант. Паралелно, низ заеднички активности и со консултантска поддршка се правеше проценка на социјалните ризици и потребите од социјални услуги на општинско ниво. На јавниот повик за пројавување на интерес за развој на социјални услуги на крајот на 2019 година се пријавија вкупно 65 општини.

Постојната законска регулатива овозможува плурализација во обезбедувањето на социјалните услуги, но, тие воглавно се обезбедени од државата, при што најголемиот дел на социјалните услуги се обезбедуваат од централно ниво. Заради подобрување на квалитетот и ефикасноста на услугите кон граѓаните, постои потреба повеќе чинители да се вклучат во давањето на социјални услуги, меѓу кои приватниот сектор, граѓанските здруженија, единиците на локална самоуправа итн. Натамошното развивање на процесот на плурализација во системот на социјална заштита ќе придонесе за обезбедување на услуги на поефективен начин, а согласно специфичните потреби на граѓаните во локалните заедници.

Со новиот ЗСЗ се воспоставува нов начин на финансирање на социјалните услуги, кои можат да бидат давани од различни физички и правни лица, вклучувајќи и граѓански здруженија. Лиценцирањето на давателите на социјални услуги, осигурува дека секој давател ги исполнува предвидените стандарди и нормативи за односната социјална услуга. Финансирањето на социјалните услуги се одвива преку редовни годишни повици на МТСП за обезбедување социјални услуги од општините, здруженијата и приватните даватели на социјални услуги. Цените на услугите се определени преку Методологија за утврдување на цените на социјалните услуги, а МТСП секоја година треба да ги ревидира истите согласно трошоците за живот во државата.

Со цел за развивање на социјалните услуги, донесени се повеќе подзаконски акти со кои се уредува начинот, обемот, нормативите и стандардите за вршење на повеќе различни видови на социјални услуги како: помош и нега во домот; лична асистенција; живеење со поддршка; сместување во установа и сместување во згрижувачко семејство според видот на згрижувањето. Со цел за развивање и давање на социјални услуги од лиценцирани и овластени даватели (здруженија и приватни даватели) формирани се Комисија за лиценцирање на даватели на социјални услуги и Комисијата за обезбедување средства за социјални услуги од општините и другите даватели.

И овој Предлог документ е во прилог на генералниот тренд системот на социјална заштита сè повеќе да се насочува кон развивање и јакнење на вонинституционалните форми на грижа за ранливите категории. Целта е опфатот и бројот на корисници на социјалните услуги во домот, во дневните центри и центрите на заедницата и останатите алтернативни форми на грижа и давање услуги континуирано да се зголемува и да се диверзифицира.

Предлогот за потребата од развивање на социјални услуги во планскиот регион, видот и начинот на воспоставување на услугите целосно се заснова на клучните стратегиски документи донесени на национално и регионално ниво, односно на приоритетите изворно дефинирани во нив.

Приоритети од Стратегијата за регионален развој 2021-2031

Една од основните цели на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој е намалувањето на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и подигнување на квалитетот на животот на сите граѓани. Стратегијата за регионален

развој 2021-2031, како клучен плански документ, во доменот на социјалниот развој проектира создавање услови за социјално инклузивен рамномерен регионален развој на земјата и социјално инклузивен развој на планските региони. Во тој контекст, клучна стратегиска цел во областа на социјалниот развој е обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони. Стратегијата утврди изразени диспаритети помеѓу планските региони во социјалниот развој.

Стратегијата проектира намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку зголемување на буџетските алокации, обемот на програмите и опфатот на корисници од ранливите категории лица кои се наоѓаат во состојба на социјален ризик со активните мерки на пазарот на труд. Исто така, се бара унапредување на справувањето со сиромаштијата и социјалната исклученост на субнационално ниво преку зајакнување на улогата на локалните власти, создавање капацитети и ресурси во функција на градење на социјалната кохезија; натамошно јакнење на социјалните функции на општините на стратегиско и на оперативно ниво.

Во делот на унапредување на социјалната заштита во планските региони се проектира:
- Зајакната децентрализација, засилена меѓуопштинска и регионална соработка во функција на поголема достапност на социјалните услуги; формирање и постигнување целосна функционалност на регионалните и општинските Совети за социјална заштита; суштинска фискална децентрализација со што ќе се обезбедат соодветни буџетски алокации;
- Плурализација на дејноста преку олеснет влез и поддршка на граѓанскиот сектор, приватниот сектор и физичките лица во давањето социјални услуги;
- Унапредување на вонинституционалната социјална заштита и натамошен развој на социјалните услуги преку нивно развивање согласно индивидуалните потреби на корисникот, кои се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и развој на иновативни и интервентни социјални услуги;

Во делот на унапредување на заштитата на децата во планските региони се проектира:
- Обезбедување еднаков пристап до квалитетно инклузивно згрижување, воспитание и претшколско образование на децата преку проширување на мрежата на установи и капацитетите за згрижување и заштита на децата во сите плански региони; зголемување на опфатот на деца во детски градинки; воведување на задолжителна бесплатна предучилишна година.

Во делот на унапредување на грижата за старите лица во планските региони се проектира:
- Натамошно ширење и унапредување на мрежата и на капацитетите за институционално сместување и грижа за старите лица преку изградба на нови, проширување на постојните домови, или соодветна адаптација и пренамена на други капацитети;
- Развивање на вонинституционални и алтернативни форми на грижа за старите лица преку отворање на центри за дневно и привремено прифаќање на стари лица; обезбедување на услуги за помош и нега на стари лица во нивниот дом; поттикнување на развој на специјализирани згрижувачки семејства за стари лица;

Во делот на унапредување на социјалното домување во планските региони се проектира:
- Унапредување на несоодветните услови за домување на семејствата со ниски приходи и намален степен на супстандардни услови на домување преку обезбедување на соодветни комунални приклучоци и друга инфраструктура; субвенционирање за адаптација и реконструкција на сопствен станбен простор; непосредни интервенции за специфични целни групи;
- Субвенционирање на закупнина на стан во приватна сопственост; лиценцирање на обезбедувачи на услуги на социјално домување.

Во делот на унапредување на водењето на регионалните статистики се проектира:

- Прилагодување на базите на податоци на надлежните институции по плански региони, државните органи и јавни институции да ги обработуваат податоците за дејноста која ја вршат и на ниво на плански региони, што ќе овозможи анализа на состојбите, соодветно планирање засновано на факти, како и евалуација на преземените мерки и активности;

Приоритети од Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026

Во рамките на стратешка цел 2 „Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги" дефинирани се приоритетите и мерките кои се однесуваат на социјалната и детската заштита.

Приоритетот 2.3. се базира на силните страни на регионот, односно на активностите што се веќе иницирани за социјална инклузија на ранливи категории како што се: зголемен број на дневни центри за деца со посебни потреби; општинска корисна работа за стари и изнемоштени лица; зголемен број на вработувања на лица со посебни потреби итн.

Во најголема мера, овој приоритет ќе се употреби за да ги зајакне идентификуваните слаби страни: недоволна информираност на ранливите лица за достапни мерки/ програми; стареење на населението; недоволен број на старечки домови; недостаток на специјализирани возила за деца; недоволен број на народни кујни и прифатилишта за бездомници; несоодветен пристап до јавните институции на лица со попреченост; нема иновативни софтверски решенија за пристап на лица со попреченост до општинските услуги; недостаток на интернати за престој на лица со попреченост; недоволна заинтересираност кај населението за специјализирање за лица со посебни потреби, недоволни капацитети за искористување на програми од донаторските средства итн. Приоритетот ќе ги искористи следните можности: децентрализација и деинституционализација на социјалните услуги и зголемен број на фондови и донаторски средства за реализација на проекти. При треба да се работи на надминување на општествени предрасуди и стигматизам кај населението и елиминирање на зголемениот број на девијантни појави.

Овој приоритет ги содржи следните мерки за подобрување на ситуацијата со социјалната заштита и тоа: 2.3.1. Подобрување на сместувањето и грижата за стари лица; 2.3.2. Подобрување на покриеноста со установи и услуги за социјална заштита; 2.3.3. Воспоставување на мобилни социјални услуги; 2.3.4. Децентрализација и деинституционализација на социјалните услуги за ранливи категории; 2.3.5. Подобрување на пристапот за сите во јавните установи во регионот; 2.3.6. Формирање на дневни центри за ранливи групи; 2.3.7. Формирање на шелтер центри за жртви на родово засновано насилство. 2.3.8. Поттикнување на социјална инклузија на лица со атипичен развој и попреченост.

Бидејќи оваа стратешка цел опфаќа и други општествени аспекти од човековото живеење, стојат на располагање и мерки и активности од сферите на образование и здравство кои можат да придонесат за подобрување на ситуацијата. Во детските градинки се дефинира потребата од унапредување на инфраструктурата, при што акцентот е ставен на зголемување на бројот на детските градинки со цел зголемување на опфатот на децата кои ќе бидат згрижени, како и на унапредување на инфраструктурата во детските градинки, подорување на состојбата со недостатокот на наставни помагала и опрема, како и подобрување на условите и капацитетите на училиштата за инклузивно образование за децата со посебни образовни потреби. Исто така, како важни се поставени и активностите за унапредување на процесот на регрутација и селекцијата на стручниот персонал во детските градинки.

Приоритети од Ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022

Ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 претставува стратегиски механизам на социјално-економскиот дијалог по однос на приоритетите и реформите во областите на пазарот на труд, вработувањето, образованието и социјалната политика и се изготвува во тесна соработка и координација со Европската комисија. Со овој нов пристап, целиот корпус на прашања за справување со сиромаштијата и социјалната исклученост се опфатени на интегрален начин.

Врз основа на состојбите во сферата на социјалната заштита и инклузија, како клучни приоритети се проектирани:

- Унапредување на ефикасноста и ефективноста на системот за социјална помош преку теренско имплементирање на интегрираниот систем на „водење на случај", односно ефективната соработка меѓу ЦСР и Центрите за вработување, кои треба да овозможат извлекување на лицата од сиромаштија преку интеграција на работоспособните приматели на социјална помош на пазарот на труд.
- Унапредување на достапноста на социјални услуги преку надминување на централизираноста на испораката на социјалните услуги и преку натамошно координирање и вклучување на сите засегнати страни во заедницата, особено во делот на изготвување програми за социјална заштита на локално ниво. Притоа, особено е важно да се надминат регистрираните состојби дека недостасуваат услуги и капацитети за згрижување возрасни лица со попреченост, додека услугите за старите лица се недоволни. Потребно е да се развијат и услуги за професионална рехабилитација на лицата со попреченост и лична асистенција, за полесен влез во образовниот систем, на пазарот на трудот, како и за нивно целосно социјално вклучување.
- Развојот на социјалните услуги треба особено да се насочи кон креирање ефикасни и ефективни услуги според потребите на корисниците и согласно локалните прилики, обезбедување услуги достапни во местото на живеење на корисникот, а со цел превенција на институционализацијата и продолжување на престојот во домашна средина.
- Обезбедување поддршка и поттикнувачка правна рамка за унапредување на учеството на општините и регионите во давањето социјални услуги преку обезбедување транспарентна финансиска и техничка поддршка на општините во давањето социјални услуги од страна на МТСП; јакнење на капацитетот на постојните и потенцијалните даватели на социјални услуги, вклучувајќи ги граѓанските здруженија; и унапредување на постојните и воспоставување нови социјални услуги во домот, во заедницата и за вонсемејна заштита.
- Натамошно унапредување на социјалната инклузија на Ромите преку подобрување на условите и квалитетот на живот и пристапот до социјални услуги, како и активација на Ромите на пазарот на трудот преку различните активни програми и мерки за вработување; понатамошно спроведување на успешните програми за бесплатно вклучување на деца Роми од 3 до 5 години во предучилишно образование; подобрување на квалитетот на домување на ромската заедница и подобрување на инфраструктурата во местата каде живее доминантно ромско население.

Приоритети од Стратегијата за стари лица 2010-2020

- Зголемување на капацитетите за институционално сместување на стари лица.
- Отворање на мали групни домови за стари лица со ментална или телесна попреченост, кои немаат соодветни услови за живеење во своето семејство.
- Отворање на центри за дневно и привремено прифаќање на стари лица.
- Отворање на центри за давање помош во домашни услови за стари лица.

- Отворање на советувалишта за психо-социјална поддршка на стари лица.
- Поттикнување на развој на специјализирачки згрижувачки семејства за згрижување на стари лица
- Промоција на здравјето, здравствена едукација и превенција на старите лица.
- Поттикнување на волонтерството: на другите лица кон старите како и кај самите стари лица.
- Поттикнување на воведување и спроведување на програми за активно користење на слободното време.
- Јавно-приватно партнерство - поттикнување на активно, заедничко и координирано учество на владините органи, граѓани и бизнис секторот во реализација на политиките за заштита на правата и интересите на старите лица.
- Промовирање на поддршка на старите лица од страна на семејството - реализација на активни политики во насока на поддршка на семејството во грижата за своите стари членови.
- Поттикнување на општините за воспоставување меѓуопштинска соработка за извршување на надлежности во областа на социјалната заштита кои се однесуваат на старите лица.
- Министерството за локална самоуправа се определува како одговорно за воспоставување, поттикнување и следење на меѓуопштинската соработка, како и за следење на приоритетите за подигнување на степенот на социјалниот развој во планските региони и мерката обезбедување на услуги за згрижување на стари лица, согласно со политиките за рамномерен регионален развој.

Приоритети од Програмата за работа на Владата на РСМ за периодот 2020-2024

Во Програмата за работа 2020-2024 Владата ги артикулира следните приоритети.

Во делот на унапредување на социјалната заштита:
- Обезбедување по 2 милијарди денари годишно за активните мерки за поддршка на вработување и самовработување;
- Донесување Закон за младинска гаранција со што ќе се институционализира оваа форма на поддршка на младите до вработување;
- Донесување Закон за поддршка на социјално претприемништво, со фокус на младите и жените, и со отворање на три регионални центри за поддршка на социјални претпријатија;
- Нов закон за вработување на лица со попреченост, воведување на професионална рехабилитација платена од државата и изработка на национален регистар на лица со попреченост, како и востановување на 5 регионални комисии за функционална проценка на децата со попреченост;
- Отворање на канцеларии на ЦСР во секоја општина и формирање интервентен тим што ќе постапува 24/7 во секој ЦСР;
- Отворање на сервиси за заштита на жртвите од сите облици на родово базирано насилство во сите општини, при што се планира воспоставување по 10 нови сервиси годишно, рамномерно во сите плански региони;

Во делот на унапредување на заштитата на децата:
- Искоренување на детската сиромаштија;
- Постигнување на 60% опфат на децата од 3-6 години во предучилишна грижа и воспитување до крајот на 2024 г., при што до крајот на 2023 г. треба да се обезбедат 7.500 места за деца во градинките во 32 општини во сите осум плански региони, за што се веќе планирани и обезбедени буџетски и кредитни средства;
- Анализирање на можностите за воведување на задолжително предучилишно образование.

Во делот на унапредување на грижата за старите лица:
- Пренамена на неискористените болнички капацитети во домови за стари лица;
- Доекипирање на патронажната служба во сите региони низ државата;

- Воспоставување 10 центри за активно и здраво стареење, со програми кои ќе се грижат за менталното и физичкото здравје, социјализацијата и меѓуврсничката комуникација на старите лица.

Приоритети од Стратешкиот план на МТСП 2021-2023

- Поддршка на развивањето на социјални услуги во локалната заедница преку редовно објавување на јавни повици за обезбедување социјални услуги од општините и објавување на јавни конкурси за обезбедување социјални услуги од здруженија.
- Воспоставување специјализирани сервиси за жртви на семејно насилство и сторители на семејно насилство, при што се предвидува отворање 10 специјализирани сервиси со 100 корисници (по два се предвидени во Вардарскиот, Полошкиот, Пелагонискиот и Југозападниот, по еден во Источниот и Југоисточниот, а ниту еден не е предвиден во Североисточниот плански регион).
- Отворање на станбени единици за живеење со поддршка за институционализирани корисници на социјална заштита од ЈУ Специјален завод Демир Капија, ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско и од ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје. Во Источниот плански регион не се предвидени активности во овој домен.
- Зголемување на опфат на деца од предучилишна возраст (јавни и приватни установи) – во 2021 година за 5% во јавни и за 1% во приватни детски градинки.

Приоритети од Програмата за остварување на социјалната заштита за 2021 година

Со годишната владина Програма за остварување на социјалната заштита за 2021 година во делот на социјалните услуги се предвидува следново:

- Унапредување и развивање на социјални услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и вклучување на општините и давателите на услугите во испораката на истите за што во 2021 година ќе се распише нов повик до општините за развој на нови 10 социјални услуги;
- Имплементација на проекти од областа на социјалната заштита на здруженија избрани на јавни огласи, финансиски поддржани од МТСП, за обезбедување на психосоцијална поддршка и специјализирани услуги за особено ранливи категории (деца во социјален ризик, жртви на семејно насилство и социјално исклучени лица);
- Спроведување постапка за обезбедување и доделување средства за давање социјални услуги од здруженија и приватни даватели на социјални услуги, со што ќе се овозможи давање на социјални услуги за живеење со поддршка, лична асистенција и третман и рехабилитација во терапевтска заедница од лиценцирани даватели на социјални услуги.

Приоритети од Програмата за развој на дејноста за заштита на децата за 2021 година

- Зголемен опфат на децата во детски градинки со целосно и рационално искористување на просторните, кадровските и другите ресурси;
- Изградба на нови објекти, доградба, реконструкција и одржување на објектите во дејноста, со приоритетно, целосно и рационално искористување на сите кадровски, просторни и други ресурси, како и развој на разни видови програми за дејноста со различно траење и цена на чинење;
- Плурализација во дејноста преку функционирање на приватниот сектор со основање на нови приватни установи за деца;
- Унапредување на инклузивната пракса во детските градинки преку формирање на мултидисциплинарни/инклузивни тимови во советувалиштата за родители и деца во детските градинки;

- Со Буџетот на РСМ за 2021 година се предвидува парични примања на деца да користат во просек повеќе од 100.000 деца, како придонес во остварувањето на примарната одговорност на родителите во обезбедувањето на услови за живот, потребен за развој на детето, односно животен стандард што одговора на неговиот физички, ментален, душевен, морален и социјален развој;
- Зголемен опфат на децата, особено на децата од 3 до 6 години од руралните средини со отворање на групи во други просторни услови и на центри за ран детски развој;
- Продолжување со имплементацијата на проектот „Инклузија на деца Роми во јавните предучилишни установи";
- Реализација на програма за еднонеделен одмор на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток (до 3000 деца/корисници во периодот на зимскиот и летниот распуст од учебната 2020/2021 година).

СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ ВО ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Како социјален ризик нормативно се дефинира состојбата која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството и одредна група, која може да дојде во потреба од социјална помош.

Врз основа на спроведените интервјуа и непосредните теренски увиди, извештаите на надлежните институции, како и достапните истражувачки студии и анализи, како клучни социјални ризици во Источниот плански регион се идентификувани:

- Сиромаштијата и социјалната исклученост
- Староста
- Попреченоста
- Детството

Сиромаштија и социјална исклученост

Иако стапката на сиромашни лица, како и комбинираниот индикатор на сиромаштија и социјална исклученост, во нашата земја има јасен тренд на континуиран пад во последнава деценија, сепак бројките и понатаму остануваат алармантни и поразителни.

Табела 1: Индикатори на сиромаштија и социјална исклученост, 2018 год., по плански региони

плански регион	број на лица што живеат под прагот на сиромаштија	стапка на сиромашни лица, %	стапка на сиромашни лица, пред социјални трансфери и пензии, %	комбиниран индикатор (AROPE), стапка на сиромашни или социјално исклучени лица, %
Вардарски	13.476	8.0	23.1	27.3
Источен	20.600	13.3	33.9	32.6
Југозападен	35.738	14.4	34.1	25.8
Југоисточен	36.744	19.5	36.9	43.6
Пелагониски	36.136	13.1	30.5	27.8
Полошки	118.802	34.3	52.8	51.2
Североисточен	97.178	38.7	58.7	59.6
Скопски	96.466	21.8	42.3	46.9
РСМ	455.100	21.9	40.8	41.1

извор: Стратегија за регионален развој на РСМ 2021-2031

Дополнително, од табелата 1 се гледа дека регистрираните диспаритети меѓу планските региони се драстични. Така, стапката на сиромашни лица во Источниот плански регион е помеѓу најниските во државата, пониска и од националниот просек. Гледано во апсолутни бројки, табелата покажува дека во сиромаштија живеат нешто повеќе од 20 илјади лица.

Вредностите на главниот показател, комбинираниот индикатор (AROPE) на сиромаштија и социјална исклученост, дополнително ја нијансираат социјалната слика во планските региони. Така, во Источниот регион уделот на лица кои што се под линијата на сиромаштија е помал од една третина од вкупниот број на сиромашни и социјално исклучени лица во регионот. Тоа јасно укажува дека во овие региони проблемите врзани со социјалната исклученост, гледано релативно, се далеку поизразени од проблемите со сиромаштијата.

Посебно внимание треба да се посвети на состојбите со сиромаштијата и социјалната исклученост кај најранливите групи - децата и младите. Од една страна, затоа што тие се социјално најизложени и најранливи, а од друга, затоа што токму тие се човечкиот капитал на кој што треба да се потпира и гради идниот развој на општеството. Сиромаштијата и социјалната исклученост кај овие возрасни групи покрај непосредните

ефекти, имаат и посредни, но долгорочни и уште подраматични ефекти како губиток на човечки и социјален капитал кој што претставува најзначаен и незаменлив ресурс за економски и вкупен развој.

Состојбите со детската сиромаштија ќе ги третираме подолу, а во продолжение следуваат податоци за состојбите на социјална исклученост кај младите, односно кај најреферентната група за анализа - младите на возраст до 29 години кои припаѓаат во категоријата лица што не се вработени, ниту се вклучени во образование или обука, т.н. NEET (Neither Employed nor in Education or Training).

Преминот од образование кон пазар на труд на младите лица е мошне тежок и во просек трае и до 6 години. Во 2019 година 24.5% од младите во земјата на возраст од 15-29 години спаѓаат во категоријата лица што не се вработени, ниту се вклучени во образование или обука. Стапката на NEET (15-29) за ЕУ-28 во 2019 година изнесува 12.5%.

Табела 2: Лица на возраст до 29 години кои не се вработени, ниту се вклучени во образование или обука (NEET), 2017-2019 година, (%), по плански региони

плански регион	2019 година	2018 година	2017 година
Вардарски	16.2	20.8	22.5
Источен	10.7	16.7	15.0
Југозападен	30.3	32.4	38.1
Југоисточен	11.0	22.7	24.9
Пелагониски	13.8	18.3	17.3
Полошки	33.7	37.8	38.8
Североисточен	32.7	42.5	40.3
Скопски	25.7	30.3	32.5
РСМ	**24.5**	**29.8**	**31.1**

извор: сопствени пресметки врз основа на податоци од АРС на ДЗС

Гледано по региони, во однос на оваа стапка се забележуваат огромни диспаритети. Така, во 2019 година стапката на социјална исклученост на младите е најниска во Источниот со 10.7% и Југоисточниот регион со 11%, а највисока во Полошкиот и Североисточниот регион со 33.7%, односно 32.7%.

Табела 3: Корисници на социјална парична помош над 18 години, на 1.000 население

плански регион	2018	2016	2014	2012	2010	2008
Вардарски	12.3	19.5	18.1	19.4	25.0	26.9
Источен	9.3	14.7	15.2	15.6	19.4	24.6
Југозападен	12.0	36.1	16.3	18.0	22.8	26.3
Југоисточен	13.2	15.7	12.5	12.3	15.1	24.1
Пелагониски	16.5	12.7	21.6	20.6	25.9	39.7
Полошки	15.7	11.6	31.5	31.3	47.4	49.9
Североисточен	30.1	24.6	34.2	30.8	41.1	49.9
Скопски	10.8	12.3	18.0	17.7	24.1	27.8
РСМ	**14.1**	**17.6**	**20.9**	**20.7**	**27.9**	**33.4**

извор: Државен завод за статистика, „Регионите во РСМ, 2019"; „Регионите во РМ" 2018, 2017, 2016, 2015, 2014, 2013, 2012, 2011, 2010, 2009

Од табелата 3 се гледа значајниот пад на корисниците на СПП во последнава деценија, што соодветствува на трендот на намалување на стапката на сиромаштија. Податоците говорат дека бројот на лица кои се корисници на социјална помош во 2018 година е повеќе од двојно помал од 2008 година, при што се потврдува трендот на подобрување на животниот стандард на луѓето т.е. намалување на стапката на сиромаштија.

Со новиот ЗСЗ надоместокот СПП се реформира и надградува во гарантирана минимална помош (ГМП). Притоа, основицата за ГМП е значително зголемена со што се очекува поголемо влијание на намалување на сиромаштијата. Исто така,

проектирана е и зајакната активација на корисниците на ГМП во активните програми заради нивно оспособување за работа и вработување.

Табела 4: Домаќинства-корисници на СПП во 2018 година и на ГМП во 2020 година, по региони

плански регион	број на домаќинства корисници на СПП 2018	број на домаќинства корисници на ГМП 2020	раст на корисници
Вардарски	1.521	2.264	48.9 %
Источен	1.355	2.015	48.7 %
Југозападен	2.163	2.970	37.3 %
Југоисточен	1.842	2.470	34.1 %
Пелагониски	3.070	4.059	32.2 %
Полошки	4.058	4.819	18.8 %
Североисточен	4.222	4.860	15.1 %
Скопски	5.331	6.605	23.9 %
РСМ	**23.562**	**30.062**	**27.6 %**

извор: сопствени пресметки врз основа на податоци од МТСП и ДЗС

Со новиот ЗСЗ се овозможи интегрирање на категоријалните бенефиции во генерички парични давања согласно основот на користење и се овозможи комбинирање на правата на парична помош, како и интегрираност меѓу правата на парична помош и социјалните услуги. Корисниците на клучниот паричен надоместок – ГМП остваруваат и право на детски додаток и на образовен додаток, со што се имплементира семеен пакет, односно обезбедување на значително поголеми средства за намалување на сиромаштијата на материјално необезбедените домаќинства.

Големиот пораст на корисници заедно со зголемениот износ на надоместокот се очекува да придонесе кон поголема ефективност на овој клучен социјален надоместок во намалувањето на сиромаштијата. Но, исто така, веќе можат да се регистрираат и негативни странични ефекти, во смисла на тоа дека зголемениот и дополнет износ на социјалните надоместоци одредени категории на корисници ги демотивира за влез на пазарот на труд.

Староста како социјален ризик

Населението во земјата во континуитет старее. Бројот на населението над 65 години, како и неговото учеството во вкупното население е во континуиран пораст кој што се очекува да продолжи и во наредниот десетгодишен период и тоа со забрзано темпо во однос на претходниот период. Во периодот од 2008 до 2018 година, учеството на старото население е зголемено од 11.4% на 13.9%. Со тоа, земјата ја надминува границата од 12% на старо население и влегува во групата земји со старо население.

Табела 5: Население на возраст од над 65 години, (%), по региони

плански регион	година 2018	година 2013	година 2008
Вардарски	15.3	13.4	12.6
Источен	16.1	13.5	12.2
Југозападен	12.2	10.8	10.5
Југоисточен	14.3	12.6	11.7
Пелагониски	16.6	15.1	15.2
Полошки	9.6	8.6	8.3
Североисточен	12.9	11.3	10.8
Скопски	14.8	12.9	11.5
РСМ	**13.9**	**12.2**	**11.4**

извори: Државен завод за статистика„Регионите во РСМ, 2019"; „Регионите во РМ", 2014, 2009

Таквиот тренд на пораст на старото население е карактеристичен за сите плански региони. Во Источниот плански регион, во периодот 2008-2018, уделот на старите лица пораснал за 4 процентни поени.

Системот на социјална заштита во земјата нуди можности за социјална заштита на старите лица кои се наоѓаат во социјален ризик преку услугите од институционална заштита, односно сместување во установи за социјална заштита на стари лица, и вонинституционална заштита, односно користење на услуги во домот и услуги во заедницата. За жал, капацитетите за институционално сместување се недоволни, додека, пак, вонинституционалните услуги сè уште се недоволно развиени и потешко достапни.

Во 2019 година донесен е Закон за социјална сигурност за старите лица, со цел зголемување на ефективноста на паричните давања за оваа категорија и намалување на сиромаштијата кај старите лица.

Табела 6: Корисници на социјална сигурност за стари лица и корисници на пензија, по региони

плански регион	корисници на социјална сигурност за стари лица декември 2020	корисници на пензија декември 2019
Вардарски	448	29.621
Источен	491	35.411
Југозападен	575	30.220
Југоисточен	847	28.186
Пелагониски	1.192	43.679
Полошки	3.012	23.907
Североисточен	919	24.012
Скопски	1.442	107.435
РСМ	**8.926**	**324.039**

извор: сопствени пресметки врз основа на податоци од МТСП и ФПИО

Во однос на долгорочната проценка на ризикот од сиромаштија кај старите лица многу значаен индикатор е сообносот на осигуреници и пензионери. Според податоците на ФПИО на крајот од 2019 година, бројот на осигурениците изнесуваше 581.405, додека бројот на корисниците на пензија изнесуваше 324.039 корисници, или во сооднос 1,8 осигуреника на 1 пензионер. Инаку, на почетокот на транзицијата, во 1991 година овој сооднос изнесуваше дури 3 вработени на 1 пензионер, за во 2003 година да падне на само 1.3.

Иако на национално ниво сообносот на осигуреници и пензионери во последнава деценија е подобрен, во Источниот плански регион сообносот на осигуреници и пензионери е помал од националниот просек. Во табела бр. 7 се прикажани корисниците на пензија и осигуреници по плански региони.

Табела 7: Корисници на пензија и осигуреници, декември 2019 година, по плански региони

плански регион	корисници на пензија	учество во вкупниот број пензионери	осигуреници	учество во вкупниот број осигуреници	сооднос осигуреници / пензионери
Вардарски	29.621	9.1%	43.876	7.6%	1.48
Источен	35.411	10.9%	54.791	9.4%	1.55
Југозападен	30.220	9.3%	45.112	7.8%	1.49
Југоисточен	28.186	8.7%	44.738	7.7%	1.59
Пелагониски	43.679	13.5%	67.325	11.6%	1.54
Полошки	23.907	7.4%	44.573	7.7%	1.86
Североисточен	24.012	7.4%	27.788	4.8%	1.16
Скопски	107.435	33.2%	253.177	43.6%	2.36
РСМ	**324.039**	**100%**	**581.405**	**100%**	**1.79**

извор: сопствени пресметки врз основа на податоците на ФПИО

Најмал удел во вкупниот број на пензионери имаат Полошкиот и Североисточниот плански регион со 7.4%. Удел во вкупниот број осигуреници во Источниот плански регион изнесува 9,4%. Коефициентот на сооднос помеѓу осигурениците и пензионерите е неповолен и изнесува 1.55.

Попреченоста како социјален ризик

Со новиот ЗСЗ направени се сериозни исчекори во насока на олеснување на животот и поголемо социјално вклучување на лицата со попреченост. Проширени се паричните права поврзани со лицата со попреченост и подигнато е нивото на интегрираност на користењето на паричните права и користењето на социјалните услуги.

Табела 8: Број на корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице и број на корисници на паричен надоместок за попреченост, 2020 година, по плански региони

плански регион	корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице	корисници на паричен надоместок за попреченост
Вардарски	4.382	1.108
Источен	4.791	1.160
Југозападен	4.353	1.109
Југоисточен	3.768	952
Пелагониски	6.284	1.312
Полошки	5.907	1.031
Североисточен	4.992	975
Скопски	11.496	3.052
РСМ	45.973	9.699

извор: сопствени пресметки врз основа на податоци од МТСП

Во последните три години направен е значаен напредок во деинституционализацијата. Во 2018 година, усвоена е нова Национална стратегија за деинституционализација 2018-2027 „Тимјаник", како и детален Акциски план за нејзино спроведување. Стратегијата и акцискиот план кои се изработени низ партиципативен процес и со финансиска и техничка поддршка на ЕУ се засновани на четири столба: преселба на корисниците од институциите, трансформација на институциите, развој на услуги во заедницата и превенција на натамошна институционализација.

Преселбата на корисниците од институциите во заедницата се спроведува интензивно. Така, за неполни три години бројот на корисници во институционална грижа се намали за 43%. Фокусот беше ставен на целосна деинституционализација на децата корисници.

Процесот на деинституционализација на лицата со попреченост се реализира, пред сè, преку воспоставување на нов облици на вон-семејна заштита преку организирано живеење со поддршка, односно воспоставување на групни домови и преку развој на мрежата на згрижувачки семејства. За да се зголеми опфатот со вонинституционална грижа на деинституционализирани корисници, неопходно е овој процес и понатаму да продолжи преку проширување на мрежата на соодветни форми и служби, обезбедување на потребни просторни капацитети, воведување на нови услуги, како и обезбедување на потребна обука и едукација на стручни лица за работа со овие корисници.

Во делот на унапредувањето на можностите за вработување и социјално вклучување на лицата со инвалидност од особено значење е континуираното настојување, преку различните мерки и програми за поддршка, овие лица што е можно повеќе да се вработуваат во отвореното стопанство, наместо во специјалните заштитни претпријатија. Согласно податоците од АВРСМ во однос на евидентираните вработувања на лицата со инвалидност, може да се забележи значителен позитивен тренд во овој дел. Имено, ако во 2007 година 47% од лицата со инвалидност биле вработени во отвореното стопанство, а 53% во заштитните друштва, во текот на изминатиот период се забележува тренд на значителна промена на структурата со тоа

што во последните неколку години тој однос се менува и просечно околу 60% од регистрираните вработувања на лицата со инвалидност во текот на годината се во отвореното стопанство.

Според евиденциите на АВРСМ заклучно со 30.06.2021 година регистрирани се вкупно 1.574 невработени инвалидни лица во земјата, од кои 539 жени. Од нив, вкупно 223 лица се од Источниот плански регион, од кои 76 жени.

Од аспект на лицата со телесна попреченост, кога се говори за општинските и за регионалните ризици и приоритети во социјалната заштита, обезбедувањето пристапност во јавниот простор претставува врвен приоритет. Со овој проблем лицата со телесна попреченост се соочуваат речиси на секој чекор. Фокусот на активности треба да биде на совладувањето на бројните физички бариери на јавните површини и обезбедување на целосна пристапност на јавните површини и на јавните институции за лицата со телесна попреченост (нивелирање на рабниците на коловозните и на пешачките површини, обезбедување рампи во сите основни училишта, обезбедување на пристапност до јавните државни и општински институции од кои граѓаните имаат најголема потреба).

Детството како социјален ризик

Учеството на најмладите во вкупното население на земјата во последнава деценија во континуитет опаѓа. На национално ниво, уделот на децата до 14-годишна возраст од 18.3% во 2008 година паднал на 16.4% во 2018 година. Источниот плански регион во овој поглед бележи негативна статистика и е еден регионите каде уделот на децата е под националниот просек.

Табела 9: Население на возраст од 0 до 14 години, (%), по плански региони

плански регион	година 2018	година 2013	година 2008
Вардарски	15.8	15.9	16.5
Источен	13.8	14.6	15.7
Југозападен	14.6	16.0	18.8
Југоисточен	16.2	16.5	17.4
Пелагониски	15.3	15.4	16.0
Полошки	16.2	17.7	20.9
Североисточен	16.8	18.0	19.8
Скопски	18.4	18.2	18.6
РСМ	**16.4**	**16.9**	**18.3**

извори: Државен завод за статистика, „Регионите во РСМ, 2019"; „Регионите во РМ", 2014. 2009

Според податоците на ДЗС, гледано по возрасни групи, сиромаштијата е најголема кај најмладите (0-17 години) и изнесува 29.3% во 2018 година. Исто така, гледано по домаќинства, сиромаштијата е најсилно изразена кај многудетните домаќинства - 50.2%, и кај самохраните родители - 33.5%. Токму затоа, намалувањето на детската сиромаштија треба да претставува клучен приоритет.

Правата за заштита на децата како парични надоместоци, под услови утврдени со ЗЗД ги обезбедува државата и тие имаат за цел преку обезбедувањето на материјална помош на родителите да им помогнат за издржување, подигање, грижа и заштита на детето. Поголем обем на права од определените во ЗЗД може да обезбедат општините со средства од сопствени извори.

Со измените на ЗЗД од 2019 година, паричните надоместоци се остваруваат како право на: детски додаток, додаток за образование, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и родителски додаток за дете. Реформата на паричните надоместоци беше насочена кон зголемување на пристапот до правото на детски додаток, трансформација на родителскиот додаток и на насочување на партиципацијата во трошоците за згрижување и воспитание на деца кон заштита на

самохраните родители корисници на ГМП, како и со воведување на ново право - додаток за образование, за деца од училишна возраст од семејства со ниски примања и од семејства-корисници на ГМП.

Поради регистрираните состојби на силен и континуиран пад на корисниците на детскиот додаток, во последнава деценија се пристапи кон промена на критериумите за остварување на ова право и со измените на ЗЗД од мај 2019 година се овозможи полесен пристап до детскиот додаток за семејства со деца кои имаат ниски приходи, со отстранување на условот семејството да мора да има вработен член за остварување на правото на детски додаток.

Значајна новина во унапредувањето на детската заштита претставува воведувањето на образовниот додаток за деца кои редовно посетуваат настава во основно и средно училиште, заради поддршка на родителите во подмирувањето на училишните трошоци, со што директно се влијае и врз превенција на раното напуштање на училиштето. Висината на додатокот за образование изнесува 700 денари месечно, односно 8.400 денари годишно за ученици во основното образование и 1.000 денари месечно, односно 12.000 денари годишно за ученици во средно образование.

Табела 10: Корисници на додаток за образование, март 2020 година, по плански региони

плански регион	број на корисници	% од вкупниот број ученици во основно и средно образование
Вардарски	1.562	8.9
Источен	1.226	7.0
Југозападен	2.288	9.6
Југоисточен	1.399	7.6
Пелагониски	3.386	12.3
Полошки	4.273	11.3
Североисточен	3.833	17.6
Скопски	5.790	6.6
РСМ	24.749	9.8

извор: сопствени пресметки врз основа на податоци од МТСП и МОН

Од табелата се гледа дека со образовниот додаток, неполна година по неговото воведување, веќе се остварува значаен опфат од речиси 10% од учениците во основно и средно образование. Притоа, втор најнизок опфат има во Источниот плански регион од 7% од учениците.

За децата со специфични потреби кои имаат пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26-годишна возраст се обезбедува посебен додаток како паричен надоместок, при што самохраните родители добиваат за 50% повисок износ од законски определениот, а за 25% повисок износ од определениот за вакво дете добиваат материјално необезбедените родители кои се корисници на ГМП.

Табела 11: Корисници на посебен додаток, до 26-годишна возраст, (%), по плански региони

плански регион	2018	2013	2008
Вардарски	1.3	1.2	1.0
Источен	1.2	1.1	0.9
Југозападен	1.1	0.9	0.6
Југоисточен	1.0	1.0	0.8
Пелагониски	1.6	1.2	0.7
Полошки	0.8	0.6	0.5
Североисточен	1.1	1.0	0.8
Скопски	1.1	1.0	0.8
РСМ	1.1	1.0	0.7

извори: Државен завод за статистика, „Регионите во РСМ, 2019"; „Регионите во РМ", 2014, 2009

Од табелата се гледа дека во последнава деценија расте опфатот на деца со посебни потреби со овој надоместок во сите плански региони.

Согласно идентификуваните социјални ризици во Источниот плански регион, развивањето на социјалните услуги, видот на услугите и начинот на воспоставување треба да се дизајнира и да биде фокусирано кон следниве целни групи кои полесно доаѓаат во состојба на социјален ризик и социјална исклученост:

- Старите лица
- Лицата со попреченост
- Децата
- Ромите

Социјални ризици во општините во Источниот плански регион

Во **општина Штип** идентификувано е постоењето на неколку социјални ризици и направена е приоретизација врз основа на која ќе се заснова идниот развој на социјалните услуги. Најголем ризик претставува состојбата со старите лица на кои им е потребна некаква помош за извршување на секојдневните активности или за достоинствено стареење. Во моментот за старите лица во општина Штип единствена достапна услуга е помош и нега во домот, меѓутоа мапирањето на населението и анализите укажуваат на фактот дека има потреба од развој на нови услуги. Во општината има недостаток од старечки домови/дневни центри во кои старите лица би можеле да се сместуваат или да ги поминуваат своите денови во поголема исполнетост. Втор на листата на социјални ризици се лицата со попреченост за кои покрај развивање на нови услуги, се јавува потреба и од квалификувани човечки ресурси за обезбедување соодветен квалитет на тие услуги. Во рамките на општината идентифкувани се лица со интелектуална и физичка попреченост, лица со аутизам и лица со ретки болести кои освен услуга за дневен престој не добиваат никаква друга поддршка, за што неопходно е да се воведат услуги во домот и лична асистенција за подобрување на ситуацијата. Сиромаштијата е идентификувана како трет социјален ризик со кој се соочува општината, со идентификувани невработени лица, ниско квалификувани Роми, самохрани родители, бездомни лица и Роми кои имаат проблем со домување. Во изминатите година ситуацијата се подобрува преку вклучување на овие лица во реализацијата на Програмата за општинско корисна работа, меѓутоа потребно е да се развијат и други услуги кои ќе овозможат подобрување на долг рок.

При изработката на Социјалниот план на ниво на **општина Берово** се изврши мапирање на социјалните проблеми кои ги имаат граѓаните во општината со утврдување на бројот и категоријата на ранливите групи во заедницата. Основните социјални ризици со кои се соочуваат жителите на општина Берово се ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност); ризици од стареење (старост и преживување); ризици по мајчинство и семејство; ризици од невработеност; ризици од неинформираност; и ризици од неадаптираност кон социјалната средина. Општина Берово презема активности во областа на социјалната заштита насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на граѓаните кои припаѓаат на социјално ранливите групи. Во обезбедувањето на достојни услови на живот, општината соработува и со Домот за стари лица „Д-р Иван Влашки" со чија помош секој година се зголемува бројот на стари лица кои добиваат некаква социјална услуга, а во моментот се работи на техничка документација на дополнително проширување на капацитетите на установата. Во областа на детската заштита, општината финансиски помага обезбедување образование на деца од предучилишна и школска возраст, како и стипендирање на средношколци.

За потребите на **општина Пробиштип** беше направено социјално мапирање, интервју вклучувајќи ги сите претставници – членови на Општинскиот совет со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес за поквалитетен живот на граѓаните, врз основа на чии анализи беше подготвен општинскиот социјален план 2022-2025.

Обезбедувањето на квалитетни социјални услуги на локално ниво е најважната активност за поддршка на најранливите групи за самостојно и пристојно живеење во општината. Државата, општината, корисниците, локалното граѓанство, бизнис заедницата се важни актери кои преку нивна интеракција ќе се овозможи пристап до социјални услуги. Идентификувано е постоењето на следните социјални ризици и направена е приоретизација врз која ќе се заснова идниот развој на социјалните услуги, и тоа: старост, попреченост и сиромаштија. Социјалниот план и годишната програма за потребите на граѓаните од социјална заштита предвидува серија на активности кои се насочени кон: лица со инвалидност, деца без родители и родителска грижа, деца со пречки во менталниот и телесниот развој, деца на улица, деца со воспитно-социјални проблеми, деца од еднородителски семејства, лица изложени на социјален ризик, лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, лица жртви на семејно насилство, лица жртви на трговија со луѓе, стари лица без семејна грижа преку институционални и вонинституционални облици на социјална заштита, социјална помош (еднократна парична помош по однос на поднесено барање и утврдување согласно правилник за доделување на еднократна парична помош), болни лица, лица изложени на социјален ризик, корисници на социјална помош, самохрани родители, семејства настрадани од елементарни непогоди, домување на лица со социјален ризик, остварување на право на децата од предучилишна возраст, утврдување на потребата од социјална услуга, унапредување на здравствената заштита, социјална превенција, подигање на свеста на населението за потребите од обезбедувањето на социјалната заштита. За постоечките социјални услуги како и за развој на нови општината ќе обезбеди средства од сопствениот буџет, од донации, европски фондови, средства од МТСП и други фондови.

Со изработката на Социјален план 2021-2022 на **општина Делчево**, меѓудругото, беа идентификувани постоечките социјални ризици и направена приоретизација врз која ќе се заснова идниот развој на социјалните услуги. Според анализите направени за утврдување на состојбите во општината, најголеми социјални ризици во Општина Делчево се староста, попреченоста, сиромаштијата и децата во судир со законот. Социјалниот план и годишната програма за потребите на граѓаните од социјална заштита предвидува серија на активности кои се насочени кон старите лица над 65 години, изнемоштени стари лица, стари лица со физичка попреченост, стари лица со хронични болести, лица со интелектуална попреченост, лица со физичка попреченост, лица со аутизам, лица со ретки болести, активни баратели на работа, долгорочно невработени лица над 50 години, невработени лица со попреченост евидентирани во АВРМ, жртви на семејно насилство, лица во бракоразводни постапки, самохрани родители и малолетни деликвенти сторители на кривични дела. За подобрување на ситуацијата со горенаведените идентифиикувани целни групи на граѓани, општината ќе ги нуди постоечките социјални услуги како и ќе се посвети кон развивање на нови со средства од сопствениот буџет, од донации, европски фондови, средства од МТСП и други фондови.

Во однос на социјалните услуги, центрите за социјална работа во Источниот плански регион ги сервисираат поголемиот дел од законски предвидените услуги. Во 2020 година се реализирани приближно 3900 услуги, од кои 1.698 услуги на информирање и упатување, 898 услуги на стручна помош и поддршка, 831 услуги на советување, 300 услуги за помош и нега во домот. Со услугите на вон-семејна заштита, во згрижувачко семејство се опфатени 36 корисници, а со живеење со поддршка се опфатени 13 лица. Вкупно 51 корисници се сместени во установи, а исто толку корисници користеле услуга за дневен престој. Во 2021 година се реализирани приближно 3840 услуги, од кои 1.696 услуги на информирање и упатување, 945 услуги на стручна помош и поддршка, 714 услуги на советување, 360 услуги за помош и нега во домот. Со услугите на вон-семејна заштита, во згрижувачко семејство се опфатени 37 корисници, а со живеење со поддршка се опфатени 12 лица. Вкупно 51 корисници се сместени во установи, а 53 корисници користеле услуга за дневен престој. Основен проблем со кој се соочува МЦСР е недостатокот од стручни профили - водители на случај што е неопходно,

особено сега со воведување на новиот начин на работа на интегрирано водење предмет.

Како еден од најзначајните социјални ризици се проценува староста, односно состојбата со големиот број на стари лица кои живеат сами. Континуирано има недостаток на легла за институционално сместување. Во однос на регионалните приоритети во обезбедување социјални услуги се смета дека треба да се даде акцент на социјалните услуги ориентирани кон старите лица и тоа во целиот спектар – преку изградба на нови домови за стари лица, преку отворање на дневни центри и преку развивање на услугата на помош и нега во домот. Исто така, треба да се направат напори за оформување на услугата мал групен дом, со оглед на тоа што таква услуга нема во целиот плански регион.

Општинска буџетска поддршка на социјалната заштита

Во програмата за социјална заштита за 2022 година, **општина Берово** предвидува средства во висина од 10.566.000,00 денари од кои дел се средства од други извори (7.536.000,00 денари), а дел од Буџетот на општина Берово (3.030.000,00 денари), а кои би се користеле наменски во текот на целата година. Активностите на општина Берово во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа: снабдување на центар за продолжен престој на лицата со телесна или ментална попреченост со соодветна опрема; Помош на семејства што имаат лице со хендикеп; интегрирање во општеството на лица со телесна или ментална попреченост; информирање за начини на вработување на лица со телесна или ментална попреченост; анимирање на институциите кон подигање на свеста за лица со телесна или ментална попреченост; активирање на лица со телесна или ментална попреченост во различни видови дневни работилници; активирање на лица со телесна или ментална попреченост во различни видови спортски настани; обезбедување на социјални пакети на семејства со социјални проблеми и на ромски семејства; доделување на новогодишни пакетчиња на деца со воспитно-социјални проблеми, деца од многудетни семејства; обезбедување на парични средства за првородено дете во 2022 година, на територијата на Општина Берово; обезбедување на финансиска помош, како еднократна финансиска помош на лица изложени на социјален ризик, социјано загрозени ученици, лица со ниски примања, лица неспособни за работа, болни лица, лица заболени од малигни заболувања. лица со телесна попреченост, хендикепирани лица, самохрани родители, семејства настрадани од елементарни непогоди, месни заедници и Здруженија на граѓани и слично; субвенционирање на 10 кубни метри вода (секој месец); мотивирање на талентирани и истакнати ученици, истакнати студенти и наставен кадар по општинските училишта; субвенционирање на првачињата на територијата на Општина Берово; субвенционирање на запишаните ученици во прва година средно образование во ОСУ „Ацо Русковски" на територијата на Општина Берово; згрижување на лица во ОЈУСЗСЛ „Д-р Иван Влашки"; обезбедување на интерактивен културно-забавен живот на стари и изнемоштени лица со дневен престој на стари лица во ОЈУСЗСЛ „Д-р Иван Влашки", сервисни услуги за грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови; мобилни различни видови социјални и здравствени услуги за старите лица во градот и руралните средини; социјална услуга – грижа и нега во домашни услови за стари лица со навршени 65 години возраст; превентивно делување (во соработка со педагошко-психолошка служба во училиштата), детекција, советување, работилници; превенција од социјален ризик и подигање на јавната свест, работа со поединци и семејства во социјален ризик, јакнење на соработката на институциите на локално ниво.

Финансиската рамка на Програмата за социјална, здравствена и детска заштита на **општина Пробиштип** за 2022 година изнесува 1.950.000,00 денари сопствени средства кои ќе бидат доделени согласно планираните активности и проекти. Дел од активностите предвидуваат обезбедување на социјални пакети на лица во социјален

ризик (корисници на ГМП и социјална сигурност на стари лица) во висина од 100.000,00 денари; еднократна финансиска помош по однос на поднесено барање од лица во социјален ризик во висина од 300.000,00 денари; финансиска помош за домување на материјално и станбено необезбедени лица во висина од 80.000,00 денари; активности во соработка со Здружението на слепи лица во висина од 80.000,00 денари; лица со телесна или ментална попреченост инклузираните и учениците од паралелка за деца со посебни образовни потреби во висина од 60.000,00 денари; активности од детската заштита во висина од 360.000,00 денари; активнсти од Програмата за социјално-хуманитарна и здравствено-превентивна дејност во висина од 110.000,00 денари; еднократна парична помош за секое новороденче; остварување на право на партиципација за деца во предучилишна и школска возраст за деца на самохрани родители и деца со посебни потреби; активности преку програмата ОКР во висина од 150.000,00 денари; како и останати активности кои ќе овозможат подобрување на животот на социјално ранливите групи.

Вкупно предвидените средства за реализација на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита во **општина Кочани** за 2021 година изнесуваат 3.900.000,00 денари. Од нив за помош на социјално загрозени граѓани се предвидени 1.220.000,00 денари; за намалување на социјалната исклученост се планирани средства во износ од 330.000,00 денари; за кофинансирање на проектни активности во износ од 376.900,00 денари; за детска заштита се предвидени 330.000,00; за обезбедување на право на домување се наменети 1.150.000,00 денари; и за преостанати активности 175.000,00 денари. Од неколкуте видови на помош, само помошта за тешко болни е со исплата на пари кон корисникот, додека сите останати видови на помош се поставени на тој начин што се плаќа услугата на самиот корисник без да се трансферираат средства на лична трансакциска сметка. За сите мерки постојат посебни правилници во кои се поставени критериуми за доделување на истите. Најкористена од сите видови помош е помошта во лекови со која барателот може на секои 3 месеци со Одлука од општината да подигне бесплатно лекови од аптека до 1500 денари. Го следува секое социјално загрозено семејство и со тоа им се дава можност на социјално загрозените граѓани годишно да подигаат лекови до 6.000,00 денари.

Во **Општина Чешиново-Облешево** за реализација на Програмата за социјална заштита за 2021 година се предвидени 600.000 денари, кои најголем дел се наменети за еднократна финансиска помош за социјално загрозени семејства, лица изложени на социјален ризик, стари лица без семејна грижа, лица со здравствени проблеми - за лекување, финансиска помош за оброк за ученици од социјално загрозени семејства, деца без родители и родителска грижа, деца од еднородителски семејства, финансиска помош за превоз за деца со посебни потреби за посета на дневните центри во соседните општини, материјална помош за лица погодени од елементарни непогоди, пожари и др.

Вкупната вредност на Програмата за остварување на социјална и детска заштита на **општина Делчево** за 2022 година година изнесува 9.866.954,00 денари, од кои од буџетот на општината се обезбедени 5.625.000,00 денари. За парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица се предвидени 560.000,00 денари, за Општинско корисна работа и јавни работи за невработените лица беа наменети 2.520.000,00 денари, за помош и грижа за лица со посебни потреби се предвидени 2.575.954,00 денари, за Детска заштита и стимулативни мерки за ученици и студенти се определија 615.000,00 денари, додека пак за Трансфери/спонзорства за НВО и Спортски клубови се наменуваат 1.600.000,00 денари. За оперативниот план за справување со корона вирус COVID – 19 се планирани вкупно 296.000,00 денари.

Во програмата за социјална заштита за 2022 година **општина Карбинци** предвидува средства во висина од 1.090.000,00 денари, а кои би се користеле наменски во текот на целата година. Активностите на општина Карбинци во областа на социјалната заштита

ќе бидат насочени кон обезбедување на: еднократна и социјална парична помош за физички лица по основ материјална загрозеност, болничко лекување, елементарни непогоди и смртен случај; парична помош за секое новороденче; паричен надомест за секое запишано прваче; паричен надомест за секој средношколец запишан во прва година; паричен надомест за секој студент запишан во прва студиска година; парична награда за првенецот на генерација во ООУ „Страшо Пинџур"; парична награда за ученици од ООУ „Страшо Пинџур" кои освоиле прво, второ и трето место на државни и меѓународни натпревари. За сите мерки постојат посебни правилници во кои се поставени критериуми за доделување на истите. Преку програмата за социјална заштита се финасираат и активности за функционирање на „мобилната народна кујна": трошоци за гориво и одржување на моторното возило за секојдневна дистрибуција на храна на околу 40 домаќинста на територијата на Општина Карбинци.

Во Програма за социјална заштита за 2022 година, **општина Пехчево** има предвидено средства во висина од 200.000,00 денари, кои средства се од Буџетот на општина Пехчево. Средствата се користат наменски во текот на целата година, а активностите на општина Пехчево во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон: обезбедување на социјални пакети на семејства со социјални проблеми и на ромски семејства; доделување на новогодишни пакетчиња на децата во детската градинка, во мал групен дом – Берово и во дневниот центар за лица со посебни потреби, обезбедување на парични средства за првородено дете во 2022 година на територијата на општина Пехчево, обезбедување на парични средства за новородено дете во 2022 година, обезбедување на финансиска помош, како еднократна финансиска помош на социјално загрозени семејства, лица со ниски примања, лица неспособни за работа, болни лица, лица заболени од малигни заболувања, лица со телесна попреченост, хендикепирани лица, самохрани родители, месни заедници, Здруженија на граѓани и слично; субвенционирање на првачињата на територијата на Општина Пехчево.

СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ: ДОСТАПНОСТ И ПОТРЕБИ

Социјални услуги кои се обезбедуваат согласно Законот за социјалната заштита се:

- услуги на информирање и упатување;
- услуги на стручна помош и поддршка;
- услуги на советување;
- услуги во домот;
- услуги во заедницата и
- услуги за вон-семејна заштита.

УСЛУГИ НА ИНФОРМИРАЊЕ И УПАТУВАЊЕ

Услугите на информирање и упатување опфаќаат информирање на граѓаните за правата од социјална заштита и расположливите социјални услуги, првична проценка и упатување до други институции, со цел остварување непречен пристап до правата и услугите. Корисници на овие услуги се сите потенцијални корисници на услугите на ЦСР.

Во Источниот плански регион има 6 (шест) меѓуопштински центри за социјална работа кои што со својата работа ја покриваат целата територија на регионот, и тоа: ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани; ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово; ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево; ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип; ЈУ Центар за социјална работа Виница; и ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип. Покрај овие центри за социјална работа, во регионот се воспоставени и следните дневни центри кои овозможуваат услуги на различна категорија на граѓани: Дневен центар за аутизам – Штип; Дневен центар за ментална или телесна попреченост – Берово; Дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост – Виница; Дневен центар за лица со посебни потреби – Делчево; Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост – Кочани; Дневен центар за згрижување на лица со посебни потреби – Македонска Каменица; Дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост – Пробиштип; Центар за специјално средно образование „Искра" – Штип; Дневен центар за лица со интелектуална попреченост над 18 годишна возраст – Штип (кој го менаџира Порака Штип) и Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост – Штип.

Генерално земено, овие услуги се, за жал, потценети и не добиваат доволна системска поддршка. Гледано реално, најголем дел од овие услуги, на помалку или повеќе организиран начин ги испорачува невладиниот сектор.

Голем исчекор во сервисирањето на овие услуги може да се направи со дигитализација на процесите. Впрочем, тој процес веќе спонтано се одвива преку активностите на разни формални и неформални чинители на социјалните мрежи. Но, треба да се направат напори за негово насочување, односно меко институционализирање за да се обезбедат точни и прецизни информации и да се превенираат опасностите од дисеминација на лажни вести врзани со социјалните права и услуги. Дигитализацијата е исклучително економична и со мали инвестиции во соодветни апликации можат да се постигнат исклучителни ефекти во сервисирањето на овие услуги.

Според податоците добиени од мапирањето голем е бројот на лица од ромската популација во **општина Штип** кои имаат потреба од дополнителни услуги поврзани со остварување на правата од социјалната заштита, но и од можностите за вработување. Во таа насока неопходно е ангажирање на ромски медијатор за вработување, како линк помеѓу ромското население и АВРМ, со што ќе се направи позитивен исчекор во постоечкото информирање и ќе се надополни со:

- информирање за дооформување на основно и средно образование како предуслов вклучување на пазарот на трудот и поконкурентност на пазарот на трудот;
- подигнување на свеста за моделот социјално претпријатие како можност за вработување и намалување на невработеноста кај социјално ранливите категории;
- поголема информираност за критериумите и условите за искористување на активните програми и мерки за вработување, а потребно е и стимулирање на ромското население за поголема вклученост во мерките за вработување преку Агенцијата за вработување.

Покрај тоа потребно е да се организираат настани за подигање на свеста на сите невработени лица за нивните права и обврски и да се обезбеди подобар пристап на информациите од пазарот на труд.

- Инфо-канцеларија во склоп на Центар за помош во домашни услови, услуга развиена во соработка меѓу Општина Штип и Црвен крст. Таа ќе треба да биде местото каде граѓаните ќе може да се информираат за правата и услугите поврзани со користење на помош и нега во домашни услови за стари и лица со попреченост, вклучување во активности поврзани со активно стареење и ресоцијализација, но и точка за мапирање за развој на нови социјални услуги кои ќе ги надополнуваат овие.
- Неопходно е да се развие услугата на правно упатување на сите жртви на семејно насилство - како дел од Интегративен центар за заштита на жени и девојки од РБН и СН.

Покрај постоечката работа на ЦСР, оваа услуга во **општина Делчево** може да се дава и преку овластени даватели на услуги, НВО, општински центар за информирање и упатување и др. форми. Неопходно е да се развие посебен сет на информации за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се на евиденцијата на АВРМ. Исто така потребно е да се даде дополнителна помош и поддршка при услугите за информирање и упатување за искористување на правата од социјална и здравствена заштита на ранливите категории на граѓани.

УСЛУГИ НА СТРУЧНА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ПОЕДИНЕЦ И СЕМЕЈСТВО

Услугите на стручна помош и поддршка на поединец и семејство опфаќаат помош и поддршка за надминување на индивидуални и семејни проблеми преку проценка, планирање, интервенции за заштита и евалуација, како и следење на состојбата по завршување на интервенциите, со цел зајакнување на корисниците, промоција на нивниот непречен развој, обезбедување и одржување на добросостојбата и независноста и нивно долгорочно оспособување за самостојно надминување на социјалните проблеми. Корисници на овие услуги се фактички сите корисници на услугите на ЦСР.

Заради обезбедување достапност на овие услуги потребно е вработување дополнителен стручен кадар и обезбедување целосна функционалност на центрите за социјална работа.

Од аспект на намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост од клучно значење е активацијата на корисниците на ГМП согласно реформите во системот на социјална заштита, односно теренското имплементирање на интегрираниот систем на водење на случај преку тесна соработка меѓу ЦСР и Центрите за вработување, која треба да овозможи извлекување на лицата од сиромаштија преку ефикасна интеграција на работоспособните приматели на ГМП на пазарот на трудот. Согласно ЗСЗ, службите за социјална заштита и вработување изработуваат заеднички индивидуален план за активација за највработливиот член на домаќинството што користи ГМП, заради негово

учество во активните мерки и услуги за вработување и вклучување на пазарот на трудот. За успешна активација на корисниците на ГМП, во ЦВ е воведена нова услуга советување и мотивација (СИМ) која е комплементарна на програмите и услугите за вработување, и овозможува советување (психо-социјална поддршка) и мотивација (менторска поддршка), но и следење на корисникот на ГМП низ процесот на активација.

Долгоочекуваното работење на случај од страна на стручните лица на ЦСР ќе биде од голема помош за ромските семејства кои покрај сиромаштијата и комплексни семејни ситуации треба да се соочат и со промена на живеалиште. Ова е ситуација која тешко може да се надмине без стручна помош и поддршка. Развивањето на нова услуга во **општина Штип** како одговор на проблемот на домувањето на ромската популација, ќе овозможи надминување на индивидуалните или семејните проблеми, индивидуална интеграција, активација и социјализација. Планирана е и поддршка на ромски невладини организации кои ќе им дадат помош и подршка на ромските семејства за полесна адаптација, приспособување на новата животна средина со што ќе им се помогне во приспособување во социјални, здравствени, образовни, економски сегменти, но и советување и едукација на населението за одржување на личната хигиена, заштита на животната средина и јавните богатства.

Во **општина Делчево** долгоочекуваното воведување на услуги на стручна помош и поддршка ќе биде овозможено само преку лиценцирани даватели на услуги кои во соработка со стручните служби во ЦСР ќе работат на случај, ќе овозможат разрешување на комплексни семејни ситуации, работа со жртви на семејно насилство, работа со малолетници во ризик/малолетничко престапништво и др.

УСЛУГИ НА СОВЕТУВАЊЕ

Услугите на советување опфаќаат советодавна работа, односно советувалишна работа, со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство, и тоа за: подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи, советување при развод на брак, семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи, психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство, психо-социјален третман на сторители на семејно насилство и други специјализирани видови на советувања.

Услугите ги сервисираат ЦСР. Во спроведеното истражување („Социјалната заштита во Македонија: регулатива и практика", МТСП, 2019) се констатира дека практичната имплементација на социјалната превенција е сериозно занемарена како надлежност на ЦСР. Во голем дел на ЦСР во земјата, отворено се истакнува дека активности на социјална превенција воопшто не се реализираат. Не се реализираат ниту предвидените активности на стручните работници во насока на организирање на корисниците на услугите во групи на самопомош, ниту пак се користат волонтери во реализација на активностите на ЦСР. Во рамките на ЦСР формално-правно се воспоставени советувалишта, но нивните активности не се програмски и се незначителни. Соработката со надворешните институции и организации е на незавидно ниво и се сведува претежно само на неизбежна ад-хок соработка по потреба заради постапување по одредени случаи за кои согласно закон ЦСР е должен да оствари контакт и соработка.

Во **општина Штип**, достапни се: бесплатна правна помош на жени и девојчиња жртви на родово-базирано и семејно насилство; бесплатна правна помош на ромската заедница; и советувалиште за работа со жени-жртви на родово базирано/семејно насилство.

Услуги на бесплатна правна помош, правно зајакнување и помош и поддршка во социјална интеграција и економско јакнење на жените и девојчињата жртви на родово-базирано и семејно насилство, со соодветно упатување до релевантни институции во

врска со решавање на секој нивен проблем ги обезбедува Здружението ЕХО - Едукативно хуманитарна организација каде доминантна целна група се жени и девојчиња жртви на родово-базирано и семејно насилство. Исто така, ЕХО обезбедува БПП на сите граѓани, а најчести се припадниците на социјално ранливите категории - лица со ниски приходи, корисници на правата од социјалната заштита, самохрани родители кои се наоѓаат во социјален ризик и кои поради сиромаштијата не можат да остварат ефикасен, квалитетен и навремен пристап до правда во остварувањето и заштитата на своите права. Услугата е финансирана од страна на донатори.

Бесплатна правна помош преку советување, информирање за постапките, како и правно застапување доколку е потребно за ромското население обезбедува Здружението за правата на Ромите. Во Здружението се вработени 3 правници, а случаевите кои ги избираат се оние што претставуваат драстично кршење на човековите права. Здружението за функционирање на овој тип на услуга средства обезбедува преку проекти.

Советувалиштето за работа со жени-жртви на родово базирано/семејно насилство е во склоп на ЈУМЦСР Штип и се работи по претходно закажана средба со термин во период на работното време на центарот. Корисници се жртвите на семејно насилство кои претходно имаат дадено писмена согласност за нивно вклучување.

Развивањето на нови советодавни услуги во **општина Штип** се базира според информациите добиени од мапирањето и се однесува на лицата кои доаѓаат од семејства со нарушени семејни односи.

- Поддршка на невладини организации од областа на семејно насилство и родово базирано насилство кои ќе ја развијат услугата на психосоцијално советување и подршка жртви на семејно насилство со цел зајакнување од траума и социјална интеграција како дел од Интегративен центар за заштита на жени и девојки од РБН и СН. Неопходно е да се посвети посебно внимание на самохраните жени Ромки кои при прекин на вонбрачната заедница имаат проблеми при доделувањето старателство врз малолетните деца и често се жртви на семејно насилство.
- Поддршка на невладини организации од областа на семејно насилство и родово базирано насилство кои ќе ја развијат услугата на економско јакнење на жртви на семејно насилство како дел од Интегративен центар за заштита на жени и девојки од РБН и СН.

Општина Делчево заедно со МТСП е спремна да поддржи работа на стручни граѓански организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик, надвор од она што го обезбедува ЦСР. Центарот за советување во своите рамки би обезбедувал советувалишна работа за деца и младинци во различни социјални ризици (деца во судир со законот, нарушени семејни односи, жртви на врсничко насилство и семејно насилство).

УСЛУГИ ВО ДОМОТ

Услуги во домот се услуги за обезбедување помош и нега во домот на лице со привремено или трајно намален функционален капацитет, со цел овозможување на лицето да продолжи да живее во сопствениот дом и превенција на потребата од вонсемејна заштита. Услуги во домот се обезбедуваат како помош и нега во домот и како лична асистенција.

Помош и нега во домот

Со услугата помош и нега во домот се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи

способноста самиот да се грижи за себе за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата.

Корисници на услугата се: лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица и други лица на кои им е потребна помош и нега во домот.

Во **општина Штип** во текот на годината беа обезбедени следните услуги: мобилни тимови за помош на стари и изнемоштени лица, лица со попречености и други ранливи категории; и сервисни услуги на стари и изнемоштени лица, лица со инвалидитет и лица со попреченост во домашни услови и надвор од домот.

Мобилни тимови за потребата која се јави со состојбата Ковид-19 беа организирани од страна на Општина Штип и Црвен Крст, како и во рамки на програмата ОКР. Мобилни тимови им помагаат на стари, изнемоштени лица, хронично болни лица, самохрани родители, лица со попреченост, лица кои поради различни причини имаат потешкотии со движењето или спаѓаат во категоријата на лица во ризик со цел да им се олесни секојдневното функционирање на оваа категорија граѓани и да не се изложуваат на дополнителна опасност, набавуваа прехрамбени продукти, хигиенски средства, лекови, извршуваа шалтерски услуги. Од почетокот на кризата до сега околу 600 корисници ја искористиле овој тип на услуга на територијата на општина Штип. Од страна на Црвен Крст беа формирани и мобилни тимови за дистрибуција на онколошка терапија. Услугите од страна на мобилните тимови не се воспоставени туку истите се пилотирани преку програмата Општинско корисна работа (ОКР).

Сервисните услуги се во форма на пружање на помош во домашни услови односно помош во извршување и олеснување на секојдневните животни и социјални активности (набавка на намирници, придружба и одење на доктор, набавка и подготовка на храна, хигиена во домот, придружба на културни настани, помош и грижа, помош при обезбедување на граѓански права во институциите, масажа, помош при лична хигиена, грижа за подготовка и прием на дете од школо, читање на дневен печат и книга, цепење и доставување на огревно дрво, дневни прошетки услуги обезбедени преку програмата ОКР за стари и изнемоштени лица, лица со попреченост и лица со телесен инвалидитет. Сервисни услуги за стари и изнемоштени лица, лица со инвалидитет и лица со попреченост во домашни услови и надвор од домот не се воспоставени туку истите се пилотирани преку програмата ОКР.

Преку програмата за општинско корисна работа во 2020 година, а во рамките на проектот „Грижа, социјализација и едукација на жителите од општина Пробиштип" согласно Договорот помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ и програмата за развој на Обединетите Нации и **Општина Пробиштип**, беа ангажирани двајца негователи-помошници на стари и изнемоштени лица за вршење на сервисна услуга надвор од домот преку набавка на храна, намирници, плаќање сметки, препишување на лекови кај матичен лекар, земање на лекарства од аптека и др. Вкупно беа опфатени 10 стари и изнемоштени лица за сервисна услуга надвор од домот. Општина Пробиштип е дел од програма ОКР од 2014 година и има опфатено околу 150 крајни корисници стари изнемоштени лица. Со оваа програма услуга имат добиено и корисниците во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост преку ангажирање на лице – неговател и услугата од образовен асистент во наставен процес за работа со ученици инклузирани во редовна настава во основно училиште.

Во **општина Берово** активностите во рамките на проектот Општинско корисна работа за пружање на помош и нега во домот преку УНДП ќе се одвиваат и во текот на 2022 година. За овие активности се ангажирани вкупно 20 извршители. Средствата се обезбедени од Швајцарска агенција за развој и соработка, преку УНДП. Преку проектот услугата ја добиваат:

- Стари лица на кој им е потребно помош и поддршка
- Ученици со попреченост во основното и средното училиште и

- Лица со телесна и ментална попреченост

11 лица од ромска национална припадност се ангажирани преку проектот Општинско корисна работа. Средствата се обезбедени од Швајцарска агенција за развој и соработка, преку УНДП, а 20% од вкупната сума кофинансирање од општина Берово. Вкупно финансиски средства 324.000,00 денари.

Општина Чешиново-Облешево за воспоставување на услугата помош и нега во домот аплицираше заедно со општина Кочани и општина Зрновци. Како извршител/давател на услугите од овој проект се јавува Општинската организација на Црвен Крст од Кочани во рамките на која веќе е воспоставен Нега центар со седиште во Кочани. Тројца негователи за стари лица од општината веќе ги имаат поминато обуките и се имаат стекнато со сертификати за негователи за стари лица, за кои е планирано да ги опслужуваат корисниците на територијата на општина Чешиново-Облешево. Во тек е прибирање податоци и информирање на потенцијалните корисници за стекнување на право за користење на оваа услуга. Финансирањето на услугата ќе се обезбеди преку Проектот за подобрување на социјалните услуги преку МТСП во 2022 година.

Општина Македонска Каменица преку програмата општинско корисна работа која е финасирана од страна на УНДП, Агенција за вработување на Република Северна Македонија и Меѓуопштински центар за социјални работи, ангажира 20 лица од кои: 15 лица како негователи на стари и изнемоштени лица кои ги посетуваат во нивните домови и даваат услуги кои се предвидени во програмата; 4 лица со лесни телесни потреби се ангажирани како советодавни услуги во институциите во општината; и едно лице е ангажирано во Дневниот центар како неговател на лица со посебни потреби. Со проектот се врши услуга на 150 лица од територијата на општина Македонска Каменица.

Бројот на пензионери на територијата на **Општина Делчево** е вкупно 3589 лица. Од нив 1794 се жени, а 1795 мажи. Пензионерите во Делчево се организирани во Здружение на пензионери Делчево во кое здружение функционира и Клуб на пензионери. Здружението на пензионери реализира активности согласно нивната годишна програма, најчесто преку учество на членовите во организација на настани, културно забавни активности, креативни работилници и друго. Во Делчево нема Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица, а најблиску таков дом има во Берово кој е со ограничен капацитет. Голем дел од пензионерите секојдневно се соочуваат со проблеми од типот на осаменост, изолираност, потешкотии во извршувањето на секојдневните активности во домот.

Според последната евиденција на Здружението на пензионери најголем дел од пензионерите во Делчево се со ниски и просечни пензиски примања. 88 стари лица се без семејна грижа, а 12 од нив се без никакви примања. Бројките се резултат на масовното иселување на младите од општината, по што во многу семејства се останати само стари, болни и изнемоштени лица, кои не можат за себе да си обезбедат основна социјална и здравствена грижа или не можат сами да ги извршуваат основните потреби. Ваквата ситуација, особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини. Општина Делчево не успеа да најде официјален податок колку стари лица од Делчево се сместени во старечките домови низ државата, но од неофицијалните податоци со кои располагаат НВО е дека таа бројка е околу 12. Врз основа на повеќе истражувања и анализи спроведени од Општина Делчево, а со помош на НВО и здравствените установи на подрачјето на нашата општина, се констатира следната состојба:

- Најголем дел од старите лица имаат пензија (лична, семејна, земјоделска), која им овозможува услови за скромен живот;
- Поголем дел живеат сами (вдовец/вдовица);
- Речиси сите имаат здравствени проблеми (90/% ревматски заболувања, 85% кардиоваскуларни заболувања, 38% дијабет и други заболувања);

- Одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот, набавката и подготовката на храна им претставува потешкотија;
- За посета на лекар и набавка на лекарства во најголем дел се зависни од друг.

Скоро кај сите преовладува чувството на осаменост, непотребност, отфрленост и страв од заболувања. Од тие причини Општина Делчево презема мерки и активности за пружање на помош и нега на старите и изнемоштените лица во домашни услови, преку тимови на невработени лица кои имаат сертификат за пружање на помош и нега во домот. Најмногу активности се реализирани преку учество на невработените лица во Програмата за општинско корисна работа - грижа за стари и изнемоштени лица. Ангажирани се 14 невработени лица од кои 8 жени и 6 мажи, од нив 6 се Роми/ки и 8 Македонци/ки.

Законот за социјална заштита, предвидува децентрализација во сферата на социјалната заштита, преку повици објавени од страна на Министерството за труд и социјална политика (согласно член 140 и член 145 од Законот за Социјална заштита, Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.05.2019 година), по кој повик во тек е имплементација на проект „Возврати со љубов, грижа и почит", преку кој вкупно 20 даватели на услуги се грижат за околу 60 крајни корисници од **општина Берово**. Проектот се реализира со средства од Светска Банка и за истиот се обезбедени средства заклучно со јули 2022 година. Проектот предвидува поддршка на стари изнемоштени лица во домашни услови од Берово и од руралните средини реализирани од Дом за стари лица „Д-р Иван Влашки" како давател на услуги. Со оваа услуга опфатени се социјално загрозени лица, лица во загрозена состојба поради болест, болнички третман или хирушки зафат, лица неспособни за работа и лица над 65 години на кои им е потребна помош за реализирање на секојдневните активности а кои живеат сами. По завршувањето на проектот, во иднина потребно е преку МТСП да се обезбедат средства како би можеле да продолжат услугите и овие лица од руралните средини да не останат без поддршка.

Општина Кочани седма година по ред е дел од Програмата ОКР, финасирана од УНДП. Секоја година покрај другите видови на услуги Општината во рамки на проектот овозможува и давање на услуги во домот. Во текот на 2021/22 година преку Програмата е одобрено финансирање и работа на вкупно 24 даватели на услуга од кои 3 (тројца) во улога на лични асистенти за болни од мултиплекс склероза и алцхајмер, 2 (две) лица за давање на психо-социјална поддршка и 6 (шест) лица во улога на негователи на лица со попреченост, останатите се ангажирани во институции или здруженија на граѓани.

Од следната година општината треба да отпочне со пружање услуги во домашни услови преку проектот „Подвижност" кој опфаќа формирање на Нега центар за стари лица. Првиот дел од проектот (адаптација и опремување на простор за работа на Нега центарот, обучување на 16 негователи) е завршен и сега се чека на лиценцирање на Црвен Крст како организација за давање услуги, набавка на возило за потребите на проектот и отпочнувањето на самите услужни дејности. Ќе бидат опслужувани 40-тина стари лица на подрачјето на Општина Кочани и руралните општини Чешиново-Облешево и Зрновци во домашни услови.

Општина Делчево има голема потреба од лиценцирање на овластен давател на услуги за помош и нега во домот и тоа за помош и нега на стари и изнемоштени лица, палијативна служба за лица заболени од тешки болести и др. услуги. Во таа насока веќе е започната постапка за лиценцирање на овластени даватели на оваа услуга и тоа ОО на Црвен Крст Делчево и НВО КХАМ Делчево.

Општина Кочани преку Центарот за социјална работа има потреба од воведување на услугата помош и нега во домот која сè уште не е воспоставена. Во месец септември 2021 година обуката за негователи успешно ја поминаа 16 лица. Центарот за социјална работа е во постојана комуникација со локалната самоуправа и потенцијалниот давател на услугата кој сè уште не е лиценциран (постапката е во тек).

Како важен фактор во граѓанската поддршка и спроведување на социјални и хуманитарни активности се јавува **ОО Црвен Крст Пробиштип**. Тие поднесуваат програма со активности за реализација за тековна година и истите се предвидуваат во програмата за социјална детска и здравствена заштита, како и извештај од реализирани активности. Во текот на 2022 година ОО Црвен Крст Пробиштип планира да спроведе обука за 12 негователи за помош и нега на стари лица и лица со попреченост која обука ќе се реализира во Регионалниот тренинг центар во Црвен крст Штип. Во тек на обуките ќе биде набавена и соодветна опрема за спроведување на активностите и прилагодување на една просторија за потребите на обучените негователи во Црвен крст Пробиштип. Потоа ќе следи лиценцирање на Општинската организација на Црвен крст Пробиштип преку МТСП за да станат овластени даватели на овој тип на социјална услуга во Пробиштип и пошироко за потребите на општината и граѓаните. Со ова се отвора можност овие обучени негователи да можат да даваат 80 часовна бесплатна месечна услуга за сите стари лица кои ќе ја побараат оваа помош. Како можност за развој на услугата е идентификуван Проектот за подобрување на социјални услуги финансиран од Светска Банка во соработка со МТСП.

Општина Штип има потреба од формирање на Центар за помош и нега во домот. Потребата за оваа услуга произлегува од мапирањето и спроведената анализа со здружението на пенизонери и телесни инвалиди. Развој на оваа услуга ќе овозможи помош и поддршка во остварување на секојдневните потреби и активности, професионална нега и подобрување на квалитетот на живот на оваа целна група. Со развојот на оваа услуга ќе се опфатат лица со телесен инвалидитет, слепи лица, инвалиди на трудот, стари и изнемоштени лица. Се предвидува да бидат опфатени 40 стари и изнемоштени лица, телесни инвалиди и слепи лица во трета доба кои живеат сами на територијата на општина Штип, кои ќе добиваат помош и грижа преку домашни посети еднаш до два пати неделно. Домашната посета ќе ја реализираат мобилни тимови составени од волонтери и по потреба медицинска сестра или доктор. Услугите од мобилните тимови опфаќаат набавка на намирници, извршување на шалтерски услуги за корисникот (плаќање на сметки) подигнување рецепти од матичен лекар, набавка на лекови, а медицинска сестра еднаш неделно ќе врши проверка на крвен притисок и шеќер во крвта.

Општина Карбинци поради староста на населението, има потреба од обезбедување на услуги (мобилни тимови) за помош на стари и изнемоштени лица, хронично болни лица, самохрани родители, лица со попреченост, лица кои поради различни причини имаат потешкотии со движењето или припаѓаат во категоријата на лица во ризик со цел да им се олесни секојдневното функционирање на оваа категорија граѓани и да не се изложуваат на дополнителна опасност, набавување прехрамбени продукти, хигиенски средства, лекови, шалтерски услуги.

Општина Пехчево во моментот нема мобилни тимови или сервисни услуги за пружање на помош во домашни услови, но има потреба за развој на нова социјална услуга - Помош и нега во домот достапна во општината и руралните средини за околу 40 лица на целата територија на општина Пехчево.

Лична асистенција

Услугата лична асистенција опфаќа индивидуална помош и поддршка за лица од 18 до 65 годишна возраст со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење на секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка. Со најновите законски измени се овозможува дополнително проширување на корисниците со намалување на долната старосна граница, со што со услугата ќе бидат опфатени и децата на возраст од 6 до 18 години.

Личната асистенција вклучува: помош и поддршка во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, помош и поддршка на работното место, образовните институции, центрите за рехабилитација, помош и поддршка во зедницата и други активности од интерес на лицето, до 80 часа месечно.

Корисници на услугата се лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица.

Првите чекори за воспоставување индивидуализирани социјални услуги се направени во 2018 година кога се донесе посебна Програма за персонална асистенција за лица со потешка или најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица кои за првпат имаа можност да добијат поддршка од личен асистент во извршувањето на секојдневните активности, поттикнувајќи ја нивната инклузија и активно учество во општеството.

Во Источниот плански регион досега не се обезбедувани услуги за лична асистенција.

Според податоците добиени од мапирањето за лицата со попреченост на територија на **општина Штип** има недостаток и потреба од услугата на лична асистенција. Оваа услуга ќе придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост (лица со физичка попреченост, лица со интелектуална попреченост и лица со комбинирани попречености) и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина, обезбедувајќи им поддршка за нивно осамостојување, согласно индивидуалните потреби. Развојот на услугата ќе се базира на правилниците од Законот за социјална заштита.

Постои голема потреба и веќе се поднесени и барања за користење на услугата од страна на корисниците. На ниво на **општина Штип и Карбинци** обучени се 6 (шест) лични асистенти кои започнаа да ја даваат услугата за лична асистенција на 9 корисници започнувајќи од декември 2021 година.

Според податоците добиени од мапирањето на проблемите на лицата со попреченост, констатирано е дека во **Општина Делчево** има недостаток и потреба од услугата лична и персонална асистенција. Оваа услуга ќе придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина. Развојот на оваа услуга ќе се базира на правилниците и др. подзаконски акти кои го следат Законот за социјална заштита и Законот за основно образование бидејќи од 2021 година оваа социјална услуга ја пружаат лиценцирани лични и образовни асистенти кои се вклопени во редовниот образовен процес.

За лицата со тешка и најтешка попреченост и потполно слепи лица во **општина Пехчево** има потреба од воведување на нова услуги во домот со лична асистенција за околу 7 лица на целата територија на општината.

Законските измени со кои услугата е достапна и на децата од 6 до 18 години дополнително ќе ја зголеми побарувачката. Оттаму, неопходни се дополнителни напори за охрабрување на релевантните организации да земат учество во процесот, како и за поттик на постојните даватели на оваа услуга да го зголемат бројот на ангажирани асистенти за опфат на поголем број корисници.

УСЛУГИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Услуги во заедницата опфаќаат услуги на дневен, привремен престој, ресоцијализација, рехабилитација, реинтеграција на корисници, одмена на семејна грижа и куќа на пола пат, заради превенција, згрижување и заштита, а со цел овозможување на корисникот да продолжи да живее во сопствениот дом, односно заедницата и превенција на потребата од вонсемејна заштита.

Развојот на социјалните услуги во заедницата треба на лицата со попреченост кои преминале од институциите во заедницата да им обезбеди пристап кон соодветни

социјални услуги како дневни центри, рехабилитација, професионална рехабилитација, психо-социјална поддршка, како и кон редовните услуги во заедницата обезбедувани од други сектори: здравство, образование, вработување, култура и сл. Развојот на нови социјални услуги во заедницата треба да ги земе предвид потребите на биолошките семејства на лицата со попреченост, чие задоволување би им овозможило на семејствата да продолжат или повторно, по престојот во вон-семејна форма на заштита, да се грижат за своите членови со попреченост.

Услуги на дневен престој

Услуга за дневен престој

Услугата за дневен престој опфаќа дневно згрижување, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности.

Корисници на услугата се: деца во ризик, лица со попреченост, маргинализирани лица, стари лица и други лица со специфични социјални проблеми.

Во однос на начинот на испорачувањето на услугата, во услови на епидемија со Ковид-19, од доставените податоци може да се забележи дека се прават континуирани напори услугата да се обезбедува со почитување на сите препораки и протоколи за заштита и превенција од вирусот. Со намалување на рестриктивните мерки корисниците започнаа повторно сè повеќе да ги користат услугите на дневен престој.

Во земјата во моментов фунционираат 35 дневни центри за лица со попреченост. Од нив 8 во Источниот плански регион.

Табела 12: Дневни центри за лица со попреченост, 2020 година, по плански региони

плански регион	број на дневни центри	број на корисници
Вардарски	4	51
Источен	8	89
Југозападен	3	37
Југоисточен	3	33
Пелагониски	5	75
Полошки	2	35
Североисточен	4	77
Скопски	6	98
РСМ	35	495

извор: пресметки врз основа на податоци од МТСП

Во **општина Штип** се обезбедуваат услуги за дневен престој за следните лица:

Дневен центар за деца со аутизам. За децата со аутизам отворен е Дневен центар за деца со аутизам и во моментов се згрижени 9 деца со аутизам. Објектот е отворен од страна на МТСП со подршка на Општина Штип и е организациона форма на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа. Овој центар служи за анимација на децата, совладување на пречките, дружење и социјализација, како и обезбедување на третман од стручни лица. Преку програмата ОКР работно е ангажирани едно лице медицинска сестра која овозможуваше помош и подршка при прифаќање, облекување и соблекување, хранење, одржување на личната хигиена и обавување на физиолошките потреби на корисниците, учество во тоалет тренинг, грижење за здравствената состојба на корисниците, учество во изведување на одредени програмски активности, грижа за медицинската терапија на децата како и водење на медицинско досие.

Дневен центар за лица со телесна или интелектуална попреченост. Во дневниот центар за лица со интелектуална или телесна попреченост се сместени вкупно 14 корисници и се на најразлична возраст од 7 до 20 години, во однос на полот 9 деца се од машки и 5

деца се од женски пол. Тоа се лица со тешки и најтешки пречки во телесниот развој и со комбинирани пречки. Центарот на своите корисници им обезбедува престој, храна и индивидуална и групна работа со лицата од страна на вработениот стручен тим. Со родителите се одржуваат редовни средби и истите се вклучени и во активностите на дневниот центар. Дневниот центар е целосно финасиран од Министерство за труд и социјална политика. Во рамки на ОКР програмата беше ангажиран физотерапевт кој ги даваше следниве услуги: физикална терапија согласно потребите на корисниците, секојдневна грижа, рехабилитација и социјализација на децата, проценка на моторниот развој и способностите на корисниците, следење на промените во физичката состојба на корисниците, како и активна соработка со стручните служби во Центарот.

Дневен центар за лица со интелектуална попреченост над 18 годишна возраст. Во моментот Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост над 18 годишна возраст го посетуваат 15 лица со интелектуална попреченост и со нив работат помошен соработник и психолог. Оформен е во просториите на ООУ „Гоце Делчев" - Штип, а е отстапен и финансиран од Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – Порака.

Сензорни соби. Сензорна соба наменета за деца со аутизам е отворена во Дневен центар за деца со аутизам финансирана и управувана од ЈУМ Центар за социјална работа. Во детската градинка „Астибо" со средства обезбедени од Центарот за развој на Источен плански регион од проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" е отворена сензорна соба од 30 м^2 наменета за деца со потешкотии во развојот и истата е управувана од градинката. Во ООУ „Ванчо Прке" е отворена сензорна соба која е делумно опремена со средства од донација управувана од самото училиште и е наменета за сите ученици од посебните одделенија, инклузираните деца во редовна настава и децата од паралелките со аутизам. Во сензорните соби се одвиваат реахабилитациони активности, вежби за сензорна интеграција, на децата им се помага во стимулирање на чуството за слух, вид, допир и мирис односно децата ги истражуваат и развиваат своите сензорни вештини се релалсираат, смируваат и ослободуваат од напнатоста.

Клубови за стари лица. Од страна на Здружението на пензионери на Штип и Карбинци се отворени 8 клуба за стари лица во повеќе населби каде лицата секојдневно ги користат клубовите при што лицата се социјализираат, дружат, играат друштвени игри итн. Клубовите се управувани и финансирани од самото здружение.

Во **општина Кочани** повеќе од 4 години работи дневен центар за лица со интелектуална попреченост. Засега се згрижени 8 деца со тешка, умерена и комбинирана попреченост. Центарот работи со еден логопед, психолог и негувател. Центарот е наменет за деца до 18 години, но се продолжува возрасната граница и до 26 години. Дневниот центар е сместен во склоп на градинката ЈОУДГ „Павлина Велјанова" во адаптирани простории во горниот дел од зградата. Се влегува директно во тој дел без физички бариери. Капацитетот на центарот е до 12 деца. Просторот е со површина од 100 м^2. Од корисниците на услугите на Дневниот центар, еден е од село Нивичани, две се од руралната општина Чешиново-Облешево, еден корисник од селото Облешево и еден корисник од село Жиганци во склоп на општина Чешиново-Облешево. Останатите 5 корисници се од градот Кочани.

Во **општина Берово** се реализира услугата за дневен престој преку Дневен центар за лица со интелектуална и умерена попреченост, кој дневно згрижува 15 лица со интелектулна попреченост, телесна попреченост и комбинирани пречки во развојот. Потенцијал за поголем опфат секако има, што може да се види и од податокот на МЦСР дека вкупниот број на категоризирани лица на подрачјето што го покрива МЦСР на возраст до 26 години изнесува близу 33 лица. Дневниот центар е сместен во засебен дел и располага со функционална и доволна физичка инфраструктура. Согласно стандардите во објектот може да добиваат дневни услуги за корисниците. Во моментов

сериозен проблем претставува немањето возило за превоз на корисниците од и до Дневниот центар. Дневниот центар е управуван и финансиран од МТСП и работи во состав на ЈУМЦСР Берово. Во Дневен центар за лица со посебни потреби има вработено: дефектолог, физиотерапевт, 3 медицински лица и социјален работник.

На територијата на **општина Чешиново-Облешево** нема дневни центри за лица со попреченост, а услугата за дневен престој за лица со попреченост се реализира во Дневните центри во Кочани и Виница, две деца со попреченост од општината го посетуваат Дневниот центар во Кочани, а едно дете со попреченост го посетува Дневниот центар во Виница. За овие лица со попреченост од Општината се покриваат трошоците за превоз до дневните центри.

Во населеното место с. Саса во **општина Македонска Каменица** со средства обезбедени од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и општината, извршена е адаптација на постоен објект во центар за возрасни лица и пензионери. Центарот е со простории за престој и забавни активности на овие лица од ова населено место и околните населени места.

Исто така, Општина Македонска Каменица од сопствени средства инвестираше во изградба на Дом за деца со посебни потреби. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 12.334.154,00 денари. Со средства од Министерството за труд и социјална политика се обезбедени опрема, помагала и разни реквизити потребни за настава и обука на лицата со посебни потреби. Во домот за лицата за посебни потреби се згрижени лица со посебни потреби од различна возраст од територијата на општина Македонска Каменица.

Во 2021 година **Општина Делчево** во партнерска соработка со ЗГ „Бравура кооператива" и ЈУ МЦСР Делчево отпочна со реализација на проектот за услуги во заедницата насловен како Клуб за социјална инклузија „Интегра". Проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра" е програма за вклучување на 12 лица со посебни потреби од Општина Делчево во организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација, во рамките на Дневен центар за лица со посебни потреби Делчево. Причините за потребата од проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра" е отсуството на институционални и други алтернативни форми на услуги за возрасни лица со посебни потреби во Општина Делчево. Проектот е базиран на приоритетите од Акцискиот план за социјална заштита на Општина Делчево во делот за маргинализирани групи. За овој проект ангажирани се вкупно 5 невработени лица (2 дефектолози - жени, 1 психолог - жена, 1 негователка на лица со посебни потреби - жена и 1 работен терапевт - маж). Крајните корисници од овој проект се 12 лица со посебни потреби, од кои 7 се мажи и 5 жени. Преку Општинско корисна работа во Дневниот центар е ангажирано и 1 лице со посебни потреби кое ќе има работен ангажман од 9 месеци.

Во склоп на **ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип** работи и Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост Пробиштип кој е отворен во 2005 година и е сместен во дел од просториите одстапени од ЈОУ Детската градинка „Гоце Делчев" – објект „Цветови" со вкупна површина од 242 м^2. Располага со две занимални, кујна со трпезарија и канцеларија опремени со соодветен мебел и техничка опрема, два санитарни чвора како и дворно место уредено со детски реквизити за игри. Една од занималните од страна на МТСП во текот на 2020 година е целосно реновирана и преадаптирана во две простории од кои едната просторија е сензорна соба опремена со соодветни реквизити и апаратура, а другата е за индивидуална работа со корисниците. Бројот на корисниците е варијабилен. Моментално на евиденција има 9 корисници на различна возраст и тоа 6 машки и 3 женски. Истите се поделени во мала и голема група (до 18 години и над 18 години), а исто така има најава за прием и на нови корисници. Центарот на своите корисници им обезбедува престој, храна, индивидуална и групна работа со лицата од страна на вработениот стручен персонал кој ги има од

следниве профили: 1 дефектолог, 1 психолог, 1 воспитувач, 1 медицинска сестра, 1 социјален згрижувач. Дневниот центар е целосно финансиран од МТСП.

Во рамки на Програмата ОКР беше ангажирано лице во Дневен центар за лица со телесна или интелектуална попреченост во Пробиштип за помош и поддршка на корисниците при облекување и соблекување, одржување на лична хигиена развивање на вештини, учество и помош во извршување на секојдневните активности.

Исто така, во Источен плански регион постои и Дневен центар за стари лица во атарот на с. Истибања како и единствениот дом за стари лица „Д-р Иван Влашки" во Берово.

За подобрување на ситуацијата со капацитетите за сместување на стари лица (имајќи го во предвид трендот на стареење на населението) и овозможување на организиран начин на живот, во **општина Штип** потребно е да се отвори дневен центар за активно стареење, потреба која беше истакната од страна на пензионерите. Центарот би бил наменет за стари лица кои се повитални и имаат потреба своето слободно време да го поминат на организиран начин. Во центарот би се одржувале работилници и едукативни сесии за лицата од третата доба, друштвени игри и активности со натпреварувачки карактер, одбележување на празници, родендени, организирање на екскурзии итн. Меѓуопштинска соработка е предвидена во делот на наменски организирани работилници на кои би присуствувале групи стари лица од други општини каде функционира системот на вонинституционална грижа за стари лица со вклученост на Црвен Крст, со тоа ќе се разменат искуства во делот на практиките за активно стареење, но и дополнително дружење и можност за реализирање екскурзии за лицата од трета доба.

Во насока на подобрување на услугите за корисниците **Дневниот центар во општина Пробиштип** како приоритет би се издвоила потребата за сопствено возило со кое ќе се превезуваат корисниците секојдневно, а исто така би се користело и за превоз на дел од корисниците кои ја посетуваат паралелката за деца со посебни образовни потреби при ООУ „Брака Миладиновци" од Пробиштип а по наставата доаѓаат во Дневниот центар. Во предлог социјалниот план за 2022-2025 година во делот на потребни капацитети и финансиска поддршка предвидено е специјално возило (транспортно) за лица со попреченост со вкупен предвиден износ од 1.550.000,00 денари.

Исто така, во општина Пробиштип во иднина, исто така има потреба од отворање на дневен центар за лица со сетилна попреченост (слепи и глуви лица). На евиденција во Центар за социјална работа има евидентирано 31 слепо лице на возраст од 42 до 88 години, и 33 глуви лица од кои најмладиот е 28 години, а најстариот 91 година.

Општина Пехчево има потреба и од отварање на клон на дневниот центар за лица со ментална и телесна попреченост управуван од ЈУМЦСР – Берово во Пехчево за околу 5 корисници на територијата на општина Пехчево.

Услуга за рехабилитација и реинтеграција

Услугата за рехабилитација и реинтеграција на лица кои се соочуваат со социјални и/или здравствени проблеми се обезбедува преку психо-социјална поддршка, терапевтска работа, работно-окупациона терапија, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување, реинтеграција и самостојно живеење.

Корисници на услугата се: деца во ризик, лица со попреченост и маргинализирани лица со специфични социјални и здравствени проблеми.

Во **општина Штип** се обезбедуваат услуги во рамките на Програмата за намалување на штети од употреба на дроги. Програмата за намалување на штети од употреба на дроги ја спроведува Младински Клуб – Штип и е наменета за корисници на дроги кои инјектираат, нивните семејства и млади под ризик. Програмата се состои од повеќе сервиси под еден кров преку кои се стреми да влијае кон намалување на штетните

последици од употребата на дроги со цел да се подобри здравствената и социјалната состојба на корисниците. Услуги на терен и во стационарот кои ги спроведува социјалениот работник се:

- Информации и консултации за добивање здравствено осигурување, социјална помош, документи за лична идентификација;
- Асистенција при вадење на потребните документи;
- Поврзување со потребните здравствени и социјални институции и сместување во истите;
- Индивидуални советувања и советувања во група;
- Нудење на информации за вработување;
- Материјална помош (административни такси, оброк, облека, лекови);
- Разговори со семејството итн.

Во однос на континуираниот тренд на раст на корисници на дроги и намалувањето на возрасната граница на корисниците има силна потреба за соодветна услуга за адресирање на овие проблеми.

Услуга за ресоцијализација

Услугата за ресоцијализација се обезбедува преку советодавна работа, индивидуална, семејна и групна терапија, образовна поддршка, придружба, едукации за развој на вештини, спорт, рекреација, творештво, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување и други услуги на ресоцијализација, во зависност од потребите на корисниците. Услугата за деца во ризик и деца во судир со законот се обезбедува во центар за деца, согласно со Законот за правда за децата. Услугата за ресоцијализација, за возрасни лица по издржување на казна затвор и други лица со специфични социјални проблеми во потреба од ресоцијализација се обезбедува во центар за ресоцијализација.

Од редот на маргинализирани лица со специфични социјални проблеми, соодветни услуги треба да се развијат и кон лицата што излегуваат од затвор.

Потребно е да се воведе регионална услуга за социјализација и ресоцијализација на корисниците на дроги и нивните семејства преку комбинирана советодавана работа, индивидуална, семејна и групна терапија, работилници и програми за обуки за корисници од територијата на град Штип и околните градови од Источниот плански регион.

За останата категорија на ранлива категорија на граѓани, треба да се воведе услуга за работна реинтеграција и ресоцијализација преку воспоставување на систем за зголемување на можностите за неформално образование, обуки на различни теми за подобрување на вештините на невработените лица, дообука, доквалификација и преквалификација, имајќи го во предвид фактот дека образовната структура на невработените лица не е поволна и потребно е воведување на низа на активности за нејзино прилагодување и подобрување на вработливоста, согласно потребите на пазарот на труд.

Услуги на привремен престој

Услугата за привремен престој

Услугата за привремен престој обезбедува заштита и стручна помош на лица кои се наоѓаат во кризна состојба заради надминување на состојбата и нивна социјална интеграција.

Корисници на услугата се: дете кое ќе се затекне без родителска грижа или како скита, дете жртва на злоупотреба, жртва на семејно насилство и родово базирано насилство, жртви на трговија со луѓе, бездомници. Услугата се обезбедува во времетраење до три

месеци, со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината – до една година.

Во **општина Штип** корисниците можат да ги добијат следните услуги:

Згрижување на бездомни лица. За 11 бездомни лица кои поради одредени причини (финансиски, семејни, итн.) останаа без кров над глава се јави потреба за нивно згрижување. За таа цел се изнајде решение во соработка со Црквата Св. Недела (Мирјанина Црква) да се овозможи бесплатно згрижување. Во црквата има изградени конаци кои беа неискористени и во договор со општината истите беа остапени за овие маргинализирани групи, адаптирани, опремени и создадени услови за нивни користење од страна на општината. Општината за овие лица ги покрива секоја година трошоците за струја, во зимските периоди обезбедува огревно дрво, а исто така помага и во хигиенски пакети, прехрамбени пакети, облека. Исто така, во старото нервно одделение (објект во сопственост на УГД) поради елиментарни непогоди, поплави, срушени објекти со процесот за легализација на дивоградбите, привремено се сместени 50 ромски фамилии или околу 200 лица. МТСП за овие лица обезбедува средства за трошоци за струја и вода.

Кризен центар за жени жртви на родово базирано/семејно насилство 24/48. Во 2019 година отворен е Кризен центар за жени жртви на родово базирано/семејно насилство кој е од регинален карактер и со него менаџира ЈУМ Центар за социјална работа Штип. Со жртвите на семејно насилство работи тим од четири стручни лица: социјален работник, педагог, психолог и правник лица кои се вработени во Центарот за социјална работа. На жртвите на семејно насилство им се обезбедува безбедност, сигурност и сместување во период од 24 часа до 48 часа.

Сместувачки капацитети за стари лица од ранливи категории. Здружението на пензионери на Штип и Карбинци во нивна сопственост располага со 12 гарсоњери кои се изнајмени за живеење на пензионери од ранливите категории кои поради одредени причини се останати без кров над глава.

Во смисла на обезбедување на дополнителни услуги, **општина Штип** ќе воведе и услуга за интервентно сместување за жртви на семејно насилство, развиена и координирана во соработка со здружението ЕХО. Ова е услуга која ќе ја надополнува работата на регионалниот Интегративен центар за жртви на семејно насилство во кој ќе се обезбедува заштита и стручна помош на жртвите на семејно насилство за да се надминат проблемите и да се овозможи нивна реинтеграција во општеството. Услугата ќе се дава на издвоена локација од просториите на Центарот, а ќе го користи неговиот стручен тим.

Програмите за рехабилитација и ресоцијализација на корисници на дрога и други психотропни супстанци, на Младинскиот центар од Штип, планираат да работат на развој на услуга за привремен престој, кое секако ќе биде поддржано од општината.

Услугата за одмена на семејна грижа

Услугата за одмена на семејна грижа обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмена, одмор и задоволување на лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив, а може да се обезбеди и во домот на корисникот.

Корисник на услугата е член на семејството кој се грижи за старо лице, лице со попреченост и друго болно и изнемоштено лице, кое не може самостојно да ги врши основните и инструменталните активности од секојдневниот живот. Услугата за одмена на семејна грижа која се реализира со трошоци надоместени од центарот за социјална работа се обезбедува во времетраење до 15 дена во една календарска година.

Куќа на пола пат

Куќа на пола пат обезбедува помош, поддршка и подготовка за самостојно живеење на лица кои претходно биле под вон-семејна заштита, немаат свој дом или услови за живот во својот дом, заради нивна реинтеграција во општеството. Услугата се обезбедува во текот на сместувањето или веднаш по престанокот на сместувањето.

Корисници на услугата се: дете без родители и родителска грижа, дете по напуштање на воспитна установа за ресоцијализација, возрасни лица по издржување казна затвор, лица со попреченост, зависници од алкохол и дроги по спроведен третман за лекување и други лица со специфични социјални проблеми кои имаат потреба од подготовка за самостоен живот.

УСЛУГИ ЗА ВОН-СЕМЕЈНА ЗАШТИТА

Со услуги на вон-семејна заштита се обезбедува основна заштита која опфаќа: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита, и други услуги во зависност од видот на корисниците, кои немаат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребна вон-семејна заштита.

Нормативната рамка препознава три вида на услуги на вон-семејна заштита:

- Живеење со поддршка
- Згрижување во друго семејство
- Сместување во установа

Живеење со поддршка

Живеење со поддршка се обезбедува во посебна станбена единица со помош од стручни или други лица во остварување на основните и инструменталните активности во секојдневниот живот. Помошта и поддршката може да биде повремена, дневна или 24 часовна помош и поддршка, во зависност од потребите на корисникот.

Корисници на услугата се: лица со попреченост и деца без родители или родителска грижа над 14 годишна возраст, а најдоцна до завршување на средното образование, заради оспособување за самостоен живот и интеграција во општеството.

Во станбена единица за живеење со поддршка може да се сместат најмногу до пет лица, односно седум деца без родители или родителска грижа.

На ниво на Источен плански регион се обезбедува оваа услуга во сите центри за социјална работа, освен во општина Виница. Во текот на 2020 година оваа услуга ја користеле 13 лица, а во 2021 година корисници биле 12 лица.

Во **општина Штип** овозможена е услугата за згрижување во мал групен дом за деца без родители и родителска грижа. Пет деца без родители и родителска грижа се сместени во мал групен дом, претходно згрижени во Домот без родители „11 Октомври" – Скопје. Домот се наоѓа на периферија на градот и е во сопственост на општината. На децата во домот им се обезбедени основните животни потреби како: домување, храна, одржување лична хигиена, облека, нега и грижа за здравјето, воспитување и образование. ЈУМ Центар за социјална работа - Штип е институција која е надлежна за домот и обезбедува 24-часовна непрекината грижа за сместените деца. Во 2019 година услуги ги користеа 3 корисници, во 2020 и 2021 година овие услуги беа нудени на 5 корисници, при што се доаѓа до заклучок дека на територија на Источен плански регион има потреба од отварање на стамбени единици за живеење со поддршка.

Следејќи го процесот на деинстуционализиација, но и потребите на лицата со попреченост, **општина Штип** ќе се насочи кон обезбедување на мали групни домови или стамбени единици на лица со попреченост над 26 годишна возраст.

Општина Делчево во овој поглед планира да започне активности за обезбедување на мали групни домови за лица без родители и родителска грижа над 18 годишна возраст

и групни домови за лица со попреченост над 26 годишна возраст, обезбедување на стамбени единици за домување и шелтер центар за жртви на семејно насилство.

Општина Пехчево има потреба од отварање на мал групен дом за живеење со поддршка на 3 – 6 лица.

Финансиска поддршка за обезбедување на оваа услуга би требало да се обезбеди преку јавниот конкурс на МТСП.

Згрижувачки семејства

Згрижување во семејство опфаќа основна заштита и 24 часовна грижа за деца и возрасни лица кои немаат свое семејство или немаат услови за живот во сопственото семејство. Згрижувањето може да се обезбеди како општо, специјализирано, повремено, интервентно или роднинско згрижување.

Општо згрижување е услуга преку која на сместените лица им се обезбедува задоволување на секојдневните потреби, грижа за личноста, воспитанието, образованието, развојот, здравствената состојба, во зависност од секојдневните потреби на сместеното лице. Корисници на услугата се: стари лица, деца без родители и родителска грижа, лица со попреченост.

Специјализирано згрижување е услуга преку која на сместените лица им се обезбедува општо згрижување на лицата и поддршка до надминување на социјалните проблеми, а која се обезбедува од страна на згрижувачи кои поминале специјализирана обука. Корисник на услугата е: дете жртва на семејно насилство, дете во ризик и дете во судир со законот, дете или лице со попреченост.

Повремено згрижувачко семејство обезбедува згрижување на дете или возрасно лице згрижено во друго згрижувачко семејство, како и за дете или возрасно лице со попреченост кое живее со родител/старател заради одмор, терапија, лекување и завршување на домашни и професионални обврски на згрижувачот, односно родителот/старателот. По престанокот на потребата од привремено згрижување, згрижувачкото семејство, односно родителот/старателот, ја продолжува грижата за детето или лицето.

Интервентно згрижување е услуга на краткорочно згрижување во семејство на лица за кои е неопходна итна заштита, до изнаоѓање на соодветни облици на заштита, а најдолго до 30 дена. Корисници на услугата се: дете без родители и родителска грижа, деца од конфликтни семејства, жртви на насилство, жртви на трговија со луѓе и други лица чиј социјален проблем налага итно згрижување и заштита.

Роднинско згрижување е услуга за згрижување на дете без родители и без родителска грижа, во семејство на неговите блиски роднини.

Државата предвидува посебна заштита за семејството и за децата, со нагласен акцент на заштитата на децата без родители и родителска грижа, како и на децата во ризик да останат без родителска грижа. Поаѓајќи од начелото дека на секое дете му е потребно семејство, институционалното згрижување на децата се заменува со сместување во згрижувачко семејство, како и сместување кај роднини згрижувачи.

Во целата држава на крајот на 2020 година има вкупно 214 згрижувачки семејства во кои се сместени 387 корисници и 79 роднински згрижувачи во кои се сместени 107 корисници.

Табела 13: Згрижувачки семејства и згрижени корисници, декември 2020 година, по региони

плански регион	број на згрижувачки семејства	број на згрижени корисници	број на роднински згрижувачки семејства	број на роднински згрижени корисници

Вардарски	11	26	5	5
Источен	6	10	8	9
Југозападен	50	77	5	7
Југоисточен	3	5	9	14
Пелагониски	50	77	6	7
Полошки	0	0	7	12
Североисточен	11	16	7	9
Скопски	83	176	32	44
РСМ	**214**	**387**	**79**	**107**

извор: сопствени пресметки врз основа на податоци од МТСП и ЗСД

Во Источниот плански регион во 2020 година функционирале 6 згрижувачки семејства со вкупен број на 10 згрижени корисници. Вкупниот број на роднински згрижувачки семејства во 2020 година изнесувал 8, со вкупен број на 9 роднински згрижени корисници.

На полето на развој и унапредување на услугата сместување во згрижувачко семејство се прават напори да се прошири мрежата, да се подигне квалитетот на грижа во постоечките згрижувачки семејства и да се развијат специјализирани згрижувачки семејства. Согласно потребите треба да се преземат активности за промоција на оваа социјална услуга и на ниво на плански регион и во секоја општина.

За поддршка на згрижувачките семејства согласно ЗСЗ предвиден е Центар за поддршка на згрижувачки семејства, кој треба да врши промоција на услугата згрижување во семејство, подготовка, проценка и обука на идни згрижувачки, да ги следи и дава поддршка на постојните згрижувачки семејства.

ЦСР е потребно во континуитет да реализираат активности за регрутирање на згрижувачки семејства и роднини згрижувачи на територијата за која се меснонадлежни во сите случаи кога има потреба од заштита на дете без родители и без родителска грижа затоа што сместувањето кај роднини или во згрижувачко семејство е најсоодветна форма на заштита. Исто така потребно е тековно да се следи сместувањето и да се дава потребна поддршка на згрижувачите и роднините згрижувачи заради обезбедување квалитетна грижа и заштита на секое дете согласно неговиот најдобар интерес.

Во таа смисла, треба да се разгледа и препорача можноста за таргетирана поддршка на згрижувачките семејства и преку посебна позиција во општинските буџети и општинските програми за социјална заштита. Тоа може да се стори било преку користење на воспоставениот инструмент на еднократна помош во парични средства или во натура, или преку субвенционирање на комуналните сметки, или преку дополнително креиран посебен инструмент.

Дополнително, во контекст на спроведувањето на деинституционализацијата и превенцијата од институционализација, згрижувањето во згрижувачки семејства треба да се зајакне и со развој на специјализирани, привремени и интервентни згрижувачки семејства, согласно новата законска рамка.

Во **општина Штип** нема регистрирано ниту едно згрижувачко семејство за таа цел се јавува потреба од организирање на јавна кампања (на пример трибини по урбани заедници) за формата на згрижувачки семејства.

Иако оваа услуга е управувана од МТСП, **општина Делчево** може да даде значителен придонес во поддршка на кампањата за обезбедување што поголем број на згрижувачки семејства.

Сместување во установа

Сместувањето во установа опфаќа основна заштита која обезбедува: згрижување, 24-часовна помош и поддршка од стручни лица, исхрана, облека и обезбедување

здравствена заштита, во зависност од утврдените потреби на корисникот, кој нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребна вон-семејна заштита.

Услугата за сместувањето во установа за деца, стари лица, лица со попреченост и барателиназил покрај основната заштита, обезбедува пристап до образование, стекнување на животни вештини, работно оспособување и професионална рехабилитација, социјални, културни и рекреативни активности, во зависност од потребите на корисниците на услугите.

Услугата за сместување на изнемоштено старо лице, хронично болно лице, терминално болно лице и друго лице во потреба од континуирана помош и нега, освен основната заштита, опфаќа и специјализирана стручна помош и социјална поддршка на неговото семејства.

Услугата за сместување на лица со попреченост, лица кое имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица, кои имаат потреба од спроведување на третман и рехабилитација, покрај основната заштита, им се обезбедува, третман и рехабилитација, работно-окупациона терапија, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување, реинтеграција и самостојно живеење, во зависност од потребата на корисникот.

Услугата за сместување на барателиназил обезбедува основната заштита, согласно со минимумот на стандардите за прифат на барателиназил, утврдени со меѓународни договори, ратификувани во земјата.

Потребата од отворање Дом за стари лица кој ќе биде од регионален карактер е посочена од страна на самите лица, а како таква е препознаена и од локалните власти, но недостигот од финансиски средства ја оневозможува реализацијата на оваа идеја. Здружението на пензионери со сопствени средства како и со подршка на **Општина Штип** во 2014 година започнаа со изградба на Дом за стари лица во Штип. Домот е во фаза на градба, но заради финансиски проблеми, истата оди позабавено Во домот според проектот се очекува да се сместат околу 100 пензионери по принцип на хотелска услуга и медицинска нега и истиот да биде од регионален карактер.

Идентификувана е потреба од изградба на Дом за стари лица во **Општина Делчево**. Бројот на стари лица кои живеат сами и се без семејна грижа, од ден во ден е сè поголем. Затоа е потребно да се изгради Дом за стари лица кој ќе биде регионален.

Установи за институционална заштита на стари лица

Согласно официјалните податоци на ДЗС на крајот на 2019 година во целата држава активни беа 34 установи за стари лица. Од нив 5 јавни установи (во Куманово, Битола, Прилеп, Берово и Скопје) и 29 приватни установи.

Табела 14: Установи за сместување стари лица, декември 2019 година, по плански региони

плански регион	јавни	приватни	вкупно 2019	вкупно 2008
Вардарски	/	1	1	/
Источен	1	7	1	/
Југозападен	/	/	/	/
Југоисточен	/	3	2	/

Пелагониски	2	2	4	2
Полошки	/	/	/	/
Североисточен	1	/	1	1
Скопски	1	23	23	4
РСМ	**5**	**29**	**34**	**7**

извори: ДЗС и МТСП

Во 2019 година во сите 34 установи вкупно биле опфатени 1.579 лица. Ако се направи споредба на капацитетите за сместување на стари лица во 2008 година, кога со институционалното сместување биле опфатени само 0,3% од старите лица, денес, иако гледано во апсолутни бројки капацитетот е повеќе од дуплиран, сепак, овој процент и натаму останува исклучително скромен, односно изнесува околу 0,6% на капацитети за институционално сместување на стари лица над 65 години.

Согласно европските стандарди, со институционални капацитети на една држава треба да биде опфатено 3-5% од старото население. Тоа значи дека за достигање на минималните европски стандарди на опфат, потребни се значителни напори и инвестиции од јавниот и приватниот сектор.

Во последнава деценија е забележан изразен интерес за отворање на приватни домови за стари лица и силен раст на приватни установи од овој тип. Овие установи на крајот на 2019 година располагаа со вкупен капацитет од над 900 легла, односно со просечно над 30 легла по приватна установа. Со тоа тие го надминаа бројот на легла во јавните установи чиј што вкупен регистриран капацитет изнесува 624 легла.

ЦСР сместуваат стари лица во социјален ризик само во јавните општински установи за социјална заштита на стари лица. На овие институции, трошоците за сместување на корисниците преку ЦСР ги надоместува МТСП преку блок дотации. Приватните установи за социјална заштита на стари лица немаат искуство на сместување на стари лица преку ЦСР, но се јавуваат поединечни случаи на сместување на лица во социјален ризик, за кои трошоците ги покрива самата приватна установа. Приватните установи сместувањето го вршат преку склучување на договори со членовите на семејството на старото лице и наплаќање на трошоците од истите, каде реално најчесто со свој придонес преку пензиите учествуваат старите лица, а разликите ги надополнуваат членовите на семејствата или се надополнуваат од паричниот надомест за помош и нега од друго лице.

Општина Берово со помош и соработка со холандско-македонската хуманитарна организација и Министерство за труд и социјална политика ја отвори **Општинската Установа Дом за стари лица „Д-р Иван Влашки"**, која се наоѓа на влезот во Берово. На почетокот на 2019 година оваа општинска јавна установа го прошири својот капацитет од постоечките 15 на 29 легла за корисниците, додека пак во 2020 година извршена е реконструкција на третата ламела. Со средства обезбедени од Центарот за развој на Источен плански регион преку проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка и Министерството за локална самоуправа, извршено е внатрешно уредување на третата ламела за дополнителни 10 места за корисниците. Денес, вкупниот капацитет на Домот за стари лица е 39 корисници, а листата за чекање со години наназад брои преку 100 лица од Источен и Југоисточен плански регион кои чекаат на сместување. Оваа година општината и домот за стари лица, аплицираа за продолжување на успешната приказна на домот за стари лица за реконструкција на помошни простории односно изградба на сопствена кујна и административни простории. Општина Берово ќе го прошири капацитетот на Домот за стари лица со уште една ламела (четврта ламела), при што ќе се зголеми бројот на корисници на услугите во домот.

Во **општина Штип** постои потреба за отворање на дневен центар за активно стареење, потреба иницирана од страна на пензионерите. Центарот би бил наменет за стари лица кои се повитални и имаат потреба своето слободно време да го поминат на организиран

начин. Во центарот би се одржувале работилници и едукативни сесии за лицата од третата доба, друштвени игри и активности со натпреварувачки карактер, одбележување на празници, родендени, организирање на екскурзии итн. Меѓуопштинска соработка е предвидена во делот на наменски организирани работилници на кои би присуствувале групи стари лица од други општини каде функционира системот на вонинституционална грижа за стари лица со вклученост на Црвен Крст, за размена на искуства во делот на практиките за активно стареење, но и дополнително дружење и можност за реализирање екскурзии за лицата од трета доба. Оваа потреба Општина Штип во соработа со Црвен Крст како проект ја аплицираше на Јавниот повик за развој на социјални услуги од страна на МТСП со Светска Банка, но истиот не беше одобрен од страна на МТСП. Од страна на Црвен Крст е обезбеден простор кој е во нивно владение, потребно е да се направи реновирање и опремување просторот со што ќе се овозможат дополнителни активности на над 80 стари лица на неделно ниво.

Согласно буџетската програма за инвестиции за изградба, реконструкција, пренамена, адаптација и опремување на постоечки објекти за социјална заштита, во 2020 година отпочната е адаптација и пренамена на јужното крило на Здравствениот дом „Нада Михајлова" во **општина Пробиштип** во дом за стари лица, со што ќе биде на располагање уште еден јавен капацитет за институционализација на стари лица. Капацитетот на овој проект предвидува згрижување на 55 лица во еднокреветни, двокреветни и соби за брачни парови, предвидено согласно стандардите и нормативите за адаптација на ваков тип објекти. Дом за стари лица е проект за којшто општина Пробиштип има обезбедено средства од Министерство за труд и социјална политика, има склучено договор со економски оператор за изведба на овој капитален проект, а средствата се во висина од 54.982.592 денари со ДДВ.

Општина Кочани во својата агенда има од поодамна во план изградба на Дом за стари на територијата на општина Кочани и соседните општини од регионот. Сè до сега не постои старечки дом со кој би се овозможило сместување и згрижување на стари и изнемоштени лица. Општина Кочани има локација за изградба на Дом за сместување на стари и изнемоштени лица со донесен ДУП во м.в. Шатровик-касарна. Изработен е и основен проект со сите фази, односно архитектура, градежни конструкции, електрични инсталации, машински инсталации, водовод и канализација, елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Планираниот дом за стари предвидува приземје и три спрата, со вкупна висина од 13,2 м и вкупна корисна површина од 5.568 м^2 со капацитет од 156 легла, односно 66 двокреветни соби, 6 еднокреветни, 6 еднокреветни соби за лица со посебни потреби и 6 апартмани за по две лица. Во објектот ќе има просторија за дневен престој, ресторан, кујна, простории за слободни активности, библиотека, простории за медицинска грижа, магацин, перална, обезбедени паркинг места и со обезбедена инфраструктура: водоснабдување, канализација, електрична енергија и асфалтиран пат до објектот. Средствата за изградба на домот се планираат од МТСП со поддршка од Општина Кочани.

Во **Општина Делчево** нема Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица, а најблиску таков дом има во Берово кој е со ограничен капацитет. Голем дел од пензионерите секојдневно се соочуваат со проблеми од типот на осаменост, изолираност, потешкотии во извршувањето на секојдневните активности во домот. Според податоците од ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, во Општина Делчево вкупно 345 лица примаат додаток за помош и нега од друго лице. Значи овие лица не се во состојба да се грижат сами за себе. Од средбите кои редовно се одржуваат со месните и урбаните заедници и Центарот за социјални работи, констатирано е дека на подрачјето на општината живеат околу 170 стари изнемоштени лица кои живеат сами од разни причини: немаат блиски роднини, децата заминале да работат во друг град или во странство. На општина Делчево итно и е потребен дом за

стари лица со 24 часовно згрижување на корисниците. Најдобро решение е регионален дом со заедничка инвестиција на барем три општини од регионот.

Во Источниот плански регион потребно е проширување на капацитетите за институционално сместување на стари лица, со цел достигнување на европските препораки за минимум 3% на институционални капацитети, во однос на вкупниот број на стари лица.

Установите кои ќе се отвараат за институционално сместување на стари лица препорачливо е да бидат во форма на помали групни домови, со капацитети до 30 корисници.

Во однос на проширувањето на капацитети во приватниот сектор мерките и активностите треба да се преземат во насока на поттикнување на интересот за отворање на приватни установи за социјална заштита на стари лица преку одредени инвестициски повластици вразани за земјиштето за изградба и комуналните надоместоци.

Од суштинско значење за заштитата на старите лица во Источниот плански регион, покрај наведените чекори за проширување на институционалниот третман, е паралелно, интензивно развивање лиценцирани вонинституционални форми на социјална заштита, согласно пропишаните стандарди за стручни кадри, простор и опрема. Притоа, клучно е да се развијат реално димензионирани и остварливи планови во секоја општина во планскиот регион за отварање на дневни центри и центри за давање помош во домашни услови, со активно вклучување на невладините организации, правни и физички лица со цел целата палета законски предвидени услуги наменети за старите лица да стане реално достапна за корисниците. Бидејќи, кога вонинституционалните форми на социјална заштита на стари лица се локално достапни и ја вршат својата функција, им овозможуваат на старите лица да останат да живеат што подолго во својата природна средина.

Затоа, активностите треба да бидат во склад со современите трендови во социјалната заштита на старите лица - во рамките на домовите за стари лица (услуга во институција) многу често се отвораат дневни центри или клубови за стари лица кои се отворени и за неинституционализирани стари лица од заедницата (услуга во локална заедница) и сервисни услуги и алармни системи за повици кои налагаат интервенции и помош во домот на старото лице (услуга во домашни услови).

Во услови на ограничени капацитети и ресурси какви што постојат во општините, обидите за комбинација на социјалните услуги би го направиле процесот полесен за имплементација и поекономичен. Токму поради тоа се истакнува дека колку е поголема комбинацијата на разновидни услуги, толку е поголем опфатот и квалитетот на заштита на корисниците, а помали трошоците за нивно воспоставување. Во актуелнава ситуација најголем дел од јавните средства за социјална заштита на старите лица се трошат за финансирање на институционалното сместување. За оваа состојба секако придонесува несоодветната и недоволната расположливост на услуги во локалната заедница или во домашни услови кои би послужиле како алтернатива на институционалната заштита кон која често непотребно се прибегнува. Заради тоа, потребно е внимателно да се разгледаат локалните состојби и да се примени пристап кој ќе обезбеди постигнување рамнотежа меѓу институционалната заштита, услугите во локалната заедница и домашните услуги.

ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦАТА

Згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст - како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и

зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование и се обезбедува и остварува во детска градинка. Дејноста се остварува и во центри за ран детски развој, кои спроведуваат програма за рано учење и развој на деца од предучилишна возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основно училиште.

Дејноста на детските градинки се остварува преку организирање и спроведување на програми кои според времетраењето на програмата се програми за: целодневен престој, полудневен престој, скратени програми, пилот програми, програма за продолжен престој, вонинституционални форми на активности со деца, а во центрите за ран детски развој според времетраењето се организираат и спроведуваат скратени програми во траење од три часа дневно, со флексибилно работно време според потребите на родителите.

Опфатот на деца во детски градинки во последнава деценија бележи значаен и континуиран, но, сепак недоволен раст.

Табела 15: Деца на возраст од 0 до 5 години во детски градинки, (%), по плански региони

плански регион	година 2018	година 2013	година 2008
Вардарски	36.0	25.8	13.9
Источен	42.1	34.4	19.5
Југозападен	18.1	12.9	6.5
Југоисточен	28.0	21.2	11.9
Пелагониски	22.3	15.8	9.9
Полошки	9.1	5.4	2.5
Североисточен	19.8	14.6	7.5
Скопски	33.1	29.5	17.9
РСМ	**26.3**	**21.0**	**11.9**

извори: Државен завод за статистика, „Регионите во РСМ", 2019; „Регионите во РМ", 2014, 2009

Бројот на деца згрижени во градинки во периодот 2008-2018 е повеќе од двојно зголемен на национално ниво и најмалку двојно, а некаде и тројно во сите плански региони. Сепак, тој и понатаму е далеку под параметрите на ЕУ.

Источниот плански регион со 42.1% е прв во државата по опфат на цеа во детските градинки споредено со останатите плански региони, како и значајно над националниот просек кој бележи 26.3%.

Според податоците на МТСП згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст во земјата во 2021 година се остварува во вкупно 74 јавни установи за деца - детски градинки распоредени во 63 општини. Покрај тоа во 21 општина ќе функционираат 43 групи за згрижување на деца во други просторни услови.

Згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст во земјата во 2021 година се остварува и во 27 приватни детски градинки и во пет приватни центри за ран детски развој.

Според последните достапни официјални податоци од ДЗС за 2019 година (состојба на 30 септември), вкупниот број деца во детски градинки и центрите за ран детски развој изнесува 38.094, што претставува зголемување за 1,3% во однос на претходната 2018 година (бројките за 2020 година, со оглед на состојбата со пандемијата и примената на рестриктивни протоколи за згрижување на децата не се сметаат за релевантни за потребите на планирање на мрежата и опфатот на детските градинки).

Од вкупниот број на опфатени деца во детските градинки во земјата, 235 се со пречки во развојот.

Почнувајќи од учебната 2017-2018 година, во рамките на проектот за поддршка на развојот на Ромите опфатени се над 800 деца во 19 градинки во исто толку општини, во сите плански региони.

Според податоците на МТСП во последните три години инвестирано е во вкупно 44 градинки и објекти за ран детски развој со што е зголемен опфатот за вкупно 3.000 деца. Проширувањето на мрежата на јавните детски градинки се реализира согласно со Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита. Се предвидува акцент да се стави на руралните населби, но и во општини каде капацитетите се под потребите на родителите и децата за овој вид на заштита, со посебен акцент на опфатот на генерацијата деца на возраст од 5 до 6 години. Проширувањето на мрежата на јавните детски градинки се поддржува и преку преадаптација на слободни простории во детски градинки во рурални средини и групи/објекти во други просторни услови.

Со Стратешкиот план на МТСП до 2022 година и со реализацијата на Програмата за инвестиции за изградба, адаптација, пренамена, реконструкција, доградба, надградба и опремување на постоечки објекти за детски градинки предвидено е отворање на 22 објекти за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во сите плански региони (шест објекти во Полошки, по четири објекти во Скопски, Југоисточен и Вардарски, по два во Североисточен и Источен, по еден во Југозападен и Пелагониски). Финансирањето на овие активности е обезбедено со буџетот на МТСП, преку кредит од СБ и ИПА.

Зголемување на опфатот и капацитетите во детските градинки во Источен плански регион

Детската градинка „23 Август" е единствената установа за предучилишно згрижување на деца на териоторијата на **општина Берово**, со клонови во с. Русиново, с. Митрашинци и с. Будинарци. Во 2021 година, во градинката згрижени се околу 230 деца од кои 22 во с. Русиново и по 5 деца во с. Митрашинци и с. Будинарци. Професионалноста, одговорноста, организираноста, ефикасноста, максималната посветеност и ангажирање, користењето на искуството, следејќи ги потребите на модерното живеење, придонесуваат за преголемата заинтересираност на родителите да ги запишуваат своите деца во градинка. Минатата година капацитетите на градинката се проширени со 4 нови занимални, при што задоволени се определени стандарди и нормативи. Во моментот потребно е реконструкција на кујната и промена на кровната конструкција, за што општината и градинката аплицираа на повикот на МТСП и се очекува одобрување. Со оглед на фактот што бројот на деца не се намалува како што е случај со другите населени места, општина Берово има потреба од изградба на детска градинка во с. Двориште.

Во **општина Кочани** има една детска градинка ЈОУДГ „Павлина Вељанова" во состав на која има 5 клона во градска средина, еден (Кокичиња) во други просторни услов во село Оризари; во село Тркање во склоп на Подрачно училиште ПОУ „Никола Карев" има Центар за ран детски развој со капацитет од 40 деца; и во село Бели во склоп на подрачно училиште ПОУ „Св. Кирил и Методиј" има објект за згрижување на деца од предучилишна возраст со капацитет 15 деца. Клоновите во градската средина: Сончогледи, Цветови, Бамби, Ѕвездички, Пеперутки и новиот објект кој сè уште не е во функција (Детелинки) располагаат со вкупен капацитет од 787 деца. Моментално сместени во објектите се 595 деца, со тоа што клон Детелинки не е во функција и е со капацитет од 112 деца. Меѓу корисниците на деца во сите клонови (објекти) има и деца од рурални средини со тоа што најмногу има во клон Ѕвездички (33 деца) и клон Кокичиња кој се наоѓа во рурална средина, како и ЦРДР во село Тркање и објектот во село Бели. Вкупно 103 од вкупниот број на деца, сместени во детската установа, се од рурални средини.

За да може општина Кочани да ги задовли потребите од сместување на деца во ЈОУДГ „Павлина Вељанова" потребно е да профункционира новиот објект „Детелинки" кој е изграден и опремен целосно со модерна опрема како најсовремен објект за сместување на деца од предучилишна возраст. Се планира и адаптација на уште еден објект во други просторни услови во село Горни Подлог, со што би се опфатиле уште деца од рурални средини и би се задоволиле комплетно потребите на жителите на Општина Кочани за сместување на деца од предучилишна возраст во установи за згрижување на деца.

Во **општина Чешиново-Облешево** во рамките на детската градинка „Ѕвездички" функционираат три објекти, еден објект во с. Чешиново со капацитет од 50 деца, еден објект во с. Облешево со капацитет од 50 деца и еден објект во с. Спанчево со капацитет од 20 деца. Пополнетоста на капацитетот на детската градинка е целосна и во моментот детската градинка ја посетуваат 120 деца. Во последните години имаме и деца кои се на листата на чекање и тој број се движи од 5-10 деца. Со оглед на тоа дека постојано имаме листа на чекање, реално има потреба и во догледно време ќе се работи на проширување на капацитетот на детската градинка во с. Чешиново.

Во **општина Македонска Каменица** во рамките на ЈОУДГ „Бамби" е организиран бесплатен јавен превоз на децата од руралните средини од предучилишна возраст додека во ООУ „Кирил и Методиј" општината субвенционира средства за бесплатна исхрана за децата што посетуваат целодневна настава.

Во **Општина Делчево** постои само една детска градинка ОЈУДГ „Весели Цветови" која е лоцирана непосредно до ООУ „Ванчо Прке". И покрај доградбата на дополнителни простории за згрижување на децата од предучилишна возраст, капацитетот на единствената детска градинка во општината е сè уште мал за да ги згрижи сите деца кои се на листа за чекање. Капацитетот на детската градинка „Весели цветови" изнесува 310 деца. Пополнетоста на капацитетот во последниве 10 години е до крајниот максимум. Речиси сите корисници доаѓаат од урбаниот дел на општината, односно од градот Делчево. Од 2021 година почна да работи клон на ОЈУДГ „Весели цветови" во с. Разловци со максимален опфат од 20 деца. Во 2022 година планирано е изградба на детска градинка во населба Расадник, која се наоѓа во урбаниот дел на градот со капацитет од 150 деца.

Во **општина Пробиштип** за дневна и социјална заштита на децата работи детската градинка „Гоце Делчев" во чиј состав работат работните единици „Цветови" и „Срничка" во Пробиштип и „Изворче" во Злетово. Во ЈОУДГ „Гоце Делчев"има вкупно 248 деца и поради состојбата со пандемијата од Ковид-19 и протоколите кои се важечки, бројката е значително помала споредбено со претходни години. Од спроведено интервју со педагогот во градинката, може да се констатира дека нема голем број чии семејства се корисници на гарантирана минимална помош. Детски додаток користат 2 деца од кои едното е во згрижувачко семејство. Најчесто идентификувани социјални ризици се деца од еднородни семејства, деца на семејства со финансиски проблеми, деца на самохрани родители. Градинката соработува со институции, НВО, ОО Црвен Крст Пробиштип преку учество на трибини на разни теми од областа на детска заштита. Нема евидентирано семејства со семејно насилство. Во ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип не се запишани деца со попреченост со наод и мислење од соодветна институција, иако градинката е инклузивна и во тек е опремување на адаптирана занимална со соодветни помагала. Во градинката има вработено стручен соработник – логопед кој работи со деца кои имаат проблеми во говорниот развој и вербална комуникација.

Доградбата на постоечката детска градинка во клон „Срничка" при ЈОУГД „Гоце Делчев" во Пробиштип предвидува зголемување на капацитетот со вкупно бруто површина од 487м^2 со што се планира за дополнителни простории за 70 деца. Средствата се

обезбедени преку Министерство за труд и социјална политика, чијашто вредност изнесува 23.360.273,00 денари во вкалкулиран ДДВ. Проектот е во фаза на реализација.

Во **општина Карбинци** има една детска градинка „Кокичиња" во село Таринци со капацитет од 50 деца. Пополнетоста на капацитетот на детската градинка е поголем во последните години со деца кои се на листата на чекање и тој број се движи од 50-70 деца, но интересот е уште поголем за згрижување на деца од населените места од Плачковичкиот регион бидејќи во последните години интересот за работа на младите од тие населени места е зголемен. Со оглед на тоа дека постојано имаме листа на чекање, реално има потреба и во догледно време ќе се работи на проширување на капацитетот на детската градинка во село Таринци за што Општина Карбинци има изготвено проектна документација и аплицирано за средства во МТСП, како и за изградба на нова детска градинка во село Карбинци со капацитет од 100 деца која што ќе ги опфати децата од населните места кои гравитираат кон село Карбинци (плачковичките населени места).

Во **општина Пехчево** во моментот ОЈУДГ „7 Септември" има вкупен опфат од 93 деца и се движи во насока на подобрување на енергетската ефикасност и заштедите на енергија и во тој дел има планирано промена на кровната конструкција и спуштање на плафоните, промена на внатрешните врати и прозорци, промена на парно инсталацијата и радијаторите, како и во насока на унапредување на ресурсите со вклучена инклузивна култура и практика преку уредување на сензорска соба и сензори во градината.

Згрижувањето, воспитанието и образованието на децата во **општина Штип** се одвива во две детски градинки: ОЈУДГ „Астибо" со 5 клонови (Астибо, Цветови, Сончогледи, Бамби и Виножито) и ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена" со 4 објекти (Другарче, Развигорче, Росица и Пчелка). Вкупниот број на деца кои се згрижени во деветте објекти изнесува 1083 деца на различна возраст. Потреба се јавува од отворање на објекти во приградските населби за загриживање на дополнителни 30-50 деца.

НАРЕДНИ ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

- Конституирање на општински Совети за социјална заштита во преостанатите 3 општини во Источен плански регион: Македонска Каменица, Карбинци и Зрновци;
- Подготовка и донесување на социјални планови во сите општини во планскиот регион;
- Отпочнување со водење на регионални социјални статистики – презентирање на податоците за остварените социјални права и услуги на ниво на плански регион, врз основа на годишните извештаи на ЦСР. ССЗИПР треба да испрати официјални барања до сите релевантни јавни и приватни институции и чинители податоците од својата надлежност да ги генерираат и направат достапни и на регионално ниво;
- Подготовка и избор на проектна апликација за јавниот повик на МТСП;
- Подготовка и избор на проектна апликација за годишниот конкурс од Програмата за регионален развој на МЛС и БРР;
- Подготовка и избор на проектни апликации за програмите финансирани од меѓународни извори кои ги адресираат социјалната инклузија и социјалната кохезија;
- Барање до МТСП на наредниот јавен повик, покрај делот за апликации на општините да се востанови и посебен дел за апликации на планските региони, каде што како апликант би се јавувал ССЗИПР. Апликацијата би произлегла од Предлогот за потребата од развивање на социјални услуги во планскиот регион, видот и начинот на воспоставување на услугите на ССЗПР и би адресирала организирање и испорака на одредена социјална услуга на корисниците од територијата на целиот плански регион, а најмалку во три општини од планскиот регион;
- ССЗИПР треба да има водечка улога во обезбедувањето услови за зголемена вклученост на децата со попреченост во предучилишното образование, што подразбира план за неопходните градежни и архитектонски адаптации на објектите на предучилишни установи за инклузија на децата со физичка попреченост, комплетирање на соодветни стручни тимови во градинките, примена на современи дидактички материјали за деца со попреченост, спроведување на кампањи за зголемување на свеста на вработените во градинките, како и на родителите за прифаќање на децата со попреченост;
- Во развивањето на социјалните услуги нотирани во овој документ ССЗИПР треба да ги вклучи сите засегнати страни во заедницата, при што одредени работи можат да се делегираат на невладиниот сектор, правните и физичките лица;
- ССЗИПР треба да ја поттикнува приватната иницијатива во основањето нови установи за социјална и детска заштита, особено домови за стари лица и детски градинки;
- ССЗИПР треба да преземе активности за подигање на јавната свест за задоволување на потребите од социјална заштита на регионално и локално ниво. Оваа функција е во насока на јакнење на превенцијата, но и во насока на сензибилизирање на јавноста за потребата од преземање на конкретни мерки за ранливите групи на локално ниво. Овие активности ССЗИПР треба да ги реализира преку организирање на јавни дебати со засегнатите страни, оформување соодветни тела за разгледување на овие прашања, спроведување на кампањи, изготвување на информативни материјали и слично;

- Особено треба да се потикнува општествената одговорност на компаниите да одделуваат средства за поддршка на одредени социјални активности и мерки во заедницата;
- ССЗИПР треба да биде промотор на дигитализација на социјалните услуги. Секоја социјална услуга треба да биде поддржана од соодветна апликација која треба да го олесни пристапот и правата на корисниците како и да го унапреди планирањето и сервисирањето на услугата;
- ССЗИПР треба да дејствува како клучен промотор на социјалното претприемништво во планскиот регион. Преку овие активности ќе се придонесе кон директно креирање на работни места за социјално загрозени категории на граѓани во рамки на социјални претпријатија, но и кон зголемување на можностите за нивно вклучување на пазарот на труд преку учество во програми на воспоставени социјално-претприемачки центри и услуги за социјална и професионална (ре)интеграција;
- ССЗИПР треба да подготви конкретен план за развивање на социјални услуги преку меѓуопштинска соработка, користејќи го овој механизам како алатка за подобра испорака на социјални услуги. Со оглед на малата финансиска моќ на општините а сличните проблеми со кои се соочени мора да се стави поголем акцент на меѓуопштинска соработка во социјалната заштита.

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип
в.д. Директор
Виктор Горгиевски

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани
Директор
Кирил Ковачев

ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип
в.д. Директор
Јане Андовски

ЈУ Центар за социјална работа Виница
в.д. Директор
Дарко Костадинов

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево
Директор
Благој Стоименовски

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово
Директор
Маја Николова

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЈНИТЕ И ПОТРЕБИТЕ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ВО ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

СОЦИЈАЛЕН РИЗИК	ЦЕЛНА ГРУПА	ПОСТОЈНА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА	ПОТРЕБА ОД РАЗВОЈ НА НОВА СОЦИЈ. УСЛУГА	НАЧИН	ПРОЕКТИРАН ОПФАТ НА КОРИСНИЦИ	ТЕРИТОРИ-ЈАЛЕН ОПФАТ	ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари)	ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ	НОСИТЕЛ	ПАРТНЕРИ
СТАРОСТ	Стари и немоќни лица	Помош и нега во домот во о. Штип	Услуги во домот Помош и нега во домот	Адаптација на просторија на Црвен крст Штип и нејзино опремување	Вкупно опфатени на ниво на општина Штип 40 лица од кои 20 стари и изнемоштени лица и 20 стари лица со попреченост	Потреба да се развие со целиот плански регион	400.000,00 денари годишно Испорака на услуга; 9.216.000,00 годишно за 40 корисници	МТСП, Буџет на општини, донатори	МТСП, Црвен Крст	ЈУМЦСР Штип
		Помош и нега во домот во општина Берово		Помош и нега во домот достапна во општината и руралните средини	60 лица	Целата територија на о. Берово	6.912.000,00 денари	МСТП	о. Берово, ОЈУСЗЛ „Д-р Иван Влашки“	
			Услуги во домот Помош и нега во домот	Помош и нега на стари и изнемоштени лица, палијативна служба за лица заболени од тешки болести		о. Делчево			о. Делчево, Црвен Крст Делчево, НВО КХАМ Делчево	Црвен Крст Делчево, НВО КХАМ Делчево
			Услуги во домот Помош и нега во домот	Нега центар за стари лица – проект „Подвижност“		о. Кочани, о. Зрновци, о. Чешиново-Облешево		МТСП	Црвен Крст Кочани, о. Кочани	о. Зрновци, о. Чешиново-Облешево
		Помош и нега во домот во о. Берово		Помош и нега во домот достапна во општината и руралните средини преку Програмата „Општинско корисна работа“	8 лица	Целата територија на о. Берово				

		Помош и нега во домот во Виница	Услуги во домот	Помош и нега во домот достапна во сите општини во планскиот регион	100	целиот плански регион				
			Помош и нега во домот во о. Пробиштип	Помош и нега во домот	35	Целата територија на о. Пробиштип	8.400.000,00 МКД за 12 месеци; 25.200.000,00 за 36 месеци	МТСП, ЦСР, општина, донатори		
			Помош и нега во домот во о. Пехчево	Помош и нега во домот достапна во општината и руралните средини	40 лица	Целата територија на о. Пехчево				
		Помош и нега во домот на стари и неможни лица (Роми) во о. Берово		Помош и нега во домот достапна во општината и руралните средини преку Програмата „Општинско корисна работа“	12 лица	Целата територија на о. Берово				
	Стари лица со зачувана мобилност	Пензионерски клуб во Штип (вкупно има 8)	Услуги во заедницата - Дневен центар за активно стареење стари лица Штип	Адаптација и доопремување на постоечки простор и испорака на услуга за дневен престој на корисниците (Просторија во сопственост на Црвен крст околу 50 м^2)	20-30 лица	Урбаниот дел на Штип	7.000.000,00 МКД годишно	МТСП, донаторски средства, буџет на општина, средства од европски фондови	о. Штип, Црвен Крст Штип	МТСП, донатори
		Дневен центар за стари и возрасни лица с. Истибања	Услуги во заедницата	Дневен центар за стари и возрасни лица	20-30 лица	с. Истибања о. Виница	3.000.000,00 денари	МТСП, донации	о. Виница	Црвен Крст Виница
	Стари лица кои не можат да живеат сами	Дом за стари лица “Др Иван Влашки “ во Берово (вкупен опфат 39 лица , од регионот се	Услуги за вон-семејна заштита	Проширување на капацитетот на на Домот за Стари лица „Д-р Иван Влашки“ со реконструкција и надградба на деловен објект и	10	Целиот регион		МТСП, МЛС-БРР, о. Берово, меѓународни извори	ОЈУСЗЛ „Д-р Иван Влашки“	

		60% од корисниците)		реконструкција на четврта ламела						
			Институционална заштита на стари лица	Изработка на техничка документација за дом за стари лица во Зрновци, Македонска Каменица, Делчево и Штип			3.545.000,00 МКД	МТСП, МЛС-БРР, донаторски средства, УНДП	ЦРИПР	О. Македонска Каменица, о. Зрновци, о. Штип, о. Делчево
			Институционална заштита на стари лица	Изградба на дом за стари		о. Кочани		МТСП, МЛС-БРР, донаторски средства, ЕУ фондови, СБ		
			Услуги за вон-семејна заштита	Услуги на сместување во установа за стари лица-	Стари лица над 64 годишна возраст	Регионален опфат	213.649.374,00 МКД	МТСП, средства од ЕУ, донации/ донаторски средства, о. Штип		МТСП ЈУМЦСР Штип

СОЦИЈАЛЕН РИЗИК	ЦЕЛНА ГРУПА	ПОСТОЈНА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА	ПОТРЕБА ОД РАЗВОЈ НА НОВА СОЦИЈ. УСЛУГА	НАЧИН	ПРОЕКТИРАН ОПФАТ НА КОРИСНИЦИ	ТЕРИТОРИ-ЈАЛЕН ОПФАТ	ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари)	ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ	НОСИТЕЛ	ПАРТНЕРИ
ПОПРЕЧЕНОСТ	Лица со умерена попреченост	Дневен центар за лица со интелектуална попреченост над 18 годишна возраст-управувна од Порака Штип	Помош и нега во домот	Адаптација и опремување на просторија	20 лица со попреченост	о. Штип	Испорака на услуга 4.608.000,00 МКД годишно	МТСП Други донатори	НВО	МТСП, ЈУМЦСР Штип, Црвен Крст Штип
		Дневен центар за деца со аутизам - управуван од страна на ЈУМ Центар за социјална работа Штип	Лична асистенција	20 Лица со попреченост (лица со физичка попреченост, лица со интелектуална попреченост и лица со кобинирани попреченост)	20 Лица со попреченост (лица со физичка попреченост, лица со интелектуална попреченост и лица со кобинирани попреченост)	о. Штип	Обука за 10 лични асистенти 200.000,00 МКД Испорака на услуга за 20 корисници за 24 месеци 8 563.200,00 МКД (4.281.600,00 годишно)	МТСП Други донатори	МТСП Донации/ донаторски средства	НВО
			Лична асистенција	Независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина	Цел опфат на о. Делчево	о. Делчево			о. Делчево	
		Дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост управуван од ЈУМЦСР-Берово	Услуги во домот	Лична асистенција	2	о. Берово		МТСП	Црвен Крст Берово	НВП
			Услуги во заедницата	Услуги за рехабилитација и реинтеграција - поддржани услуги за вработување на млади лица со попреченост	5	о. Берово		МТСП, меѓународни извори	НВО	МТСП

				Услуга за одмена на семејна грижа		о. Берово		МТСП	НВО	
			Услуги за вон-семејна заштита	Згрижувачко семејство		о. Берово		МТСП	ЦСР	
			Отварање на клон на дневниот центар за лица со ментална и телесна попреченост управуван од ЈУМЦСР – Берово во Пехчево	Услуги во домот	5	о. Пехчево				
				Лична асистенција						
		Помош и нега во домашни услови преку Програмата Општинско корисна работа	Услуги во домот	Помош и нега во домот	4	о. Берово		УНДП		
		Образовни асистенти за ученици со попреченост	Услуги на стручна помош и поддршка	Инклузија во воспитно образовниот процес	8	о. Берово		МОН		
		Помош и нега во домашни услови на лица Роми со умерена попреченост	Услуги во домот	Помош и нега во домот достапна во општината и руралните средини преку Програмата „Општинско корисна работа“	5	о. Берово		УНДП		
	Лица со тешка и најтешка попреченост и потполно слепи лица	Дневен центар за лица со попреченост управуван од Порака	Услуги во заедницата	Лична асистенција						
		Дневен центар за аутизам	Услуги за вон-семејна заштита	Дневни центри за лица со интелектуална или телесна попреченост	20-25 лица	о. Штип и о. Карбинци				

				управувани ЈУ МЦСР Штип						
		Сместување во установа		Дневен центар за возрасни лица со попреченост во Порака	20-25 лица	о. Штип и о. Карбинци				
		Дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост управуван од ЈУМЦСР-Берово	Услуги во заедницата	Услуги за рехабилитација и реинтеграција - поддржани услуги за вработување на млади лица со попреченост	5	о. Берово				
				Услуга за одмена на семејна грижа						
			Услуги во домот	Услуга за лична асистенција	59	о. Пробиштип	13.200.000,00 МКД за 12 месеци	МТСП, ЦСР, општина, донатори		
			Услуги во домот	Услуга за лична асистенција	7	о. Пехчево				
			Набавка на специјално транспортно возило	Превоз на корисници	59	О. Пробиштип	1.550.000,00 МКД			
	Лица со телесна и ментална попреченост	Дневни центри за Лица со телесна и ментална попреченост Виница	Услуги во домот	Помош и нега во домот	20-30	Виница		МТСП	НВО	
				Лична асистенција	20-30	Виница		МТСП	НВО	
			Услуги во заедницата	Дневни центри за Лица со телесна и ментална попреченост Виница	10-15 лица	Виница		МТСП	МТСП	НВО
	Лица со попреченост		Живеење со поддршка	Мали станбени единици	5	о. Пробиштип	1.821.600,00 за 12 месеци; 5.646.800,00 за 36 месеци	МТСП, ЦСР, општина, донатори		
		Услуги за вон-семејна заштита	Живеење со поддршка - услуги во мал групен дом за лица со попреченост	Адаптација на 3 простории и испорака на услуга за 21 корисник	21 лице со попреченост над 28 годишна возраст во 3	о. Штип	7.500.000,00 денари годишно	МТСП, Средства од ЕУ, донации/ донаторски средства, о. Штип		МТСП, ЈУМЦСР Штип, НВО

					мали групни домови					
	Лица со сетилна попреченост (слепи и глуви лица)		Услуги во заедницата	Дневен центар или клуб за слепи и глуви лица	60	О. Пробиштип	12.773.520,00 за 12 месеци; 38.320.560,00 за 36 месеци	МТСП, ЦСР, општина, донатори		

СОЦИЈАЛЕН РИЗИК	ЦЕЛНА ГРУПА	ПОСТОЈНА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА	ПОТРЕБА ОД РАЗВОЈ НА НОВА СОЦИЈ. УСЛУГА	НАЧИН	ПРОЕКТИРАН ОПФАТ НА КОРИСНИЦИ	ТЕРИТОРИ-ЈАЛЕН ОПФАТ	ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари)	ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ	НОСИТЕЛ	ПАРТНЕРИ
ДЕТСТВО	Сите претшколски деца	Згрижување и воспитание на деца - Постојни детски градинки со вкупен опфат од 1098 деца	Нови капацитети за згрижување и воспитание на деца	Проширување и изградба на нови капацитети во о. Штип	1098 деца	о. Штип				
		Згрижување и воспитание на деца - Постојни детски градинки	Нови капацитети за згрижување и воспитание на деца	Адаптација на уште еден објект во други просторни услови во село Горни Подлог		о. Кочани		МТСП, ЕУ фондови, СБ	о. Кочани	
		Згрижување и воспитание на деца - Постојни детски градинки	Нови капацитети за згрижување и воспитание на деца	Изградба на детска градинка во населба Расадник	150 деца	о. Делчево		МТСП, о. Делчево, меѓународни извори	о. Делчево	
		Згрижување и воспитание на деца - Постојни детски градинки со вкупен опфат од 230 деца	Нови капацитети за згрижување и воспитание на деца	Проширување и реконструкција на кровната конструкција и опремување на кујна	300 деца	о. Берово		МТСП, меѓународни извори	о. Берово	
		Згрижување и воспитание на деца - Постојни детски градинки со вкупен опфат од 248 деца	Потреба од доградба/ преадаптација	Доградба/ преадаптација на постоечки објект (основно училиште)	25-30 деца	о. Пробиштип				
		Згрижување и воспитание на деца - Постојни детски градинки со	Нови капацитети за згрижување и воспитание на деца	Изградба на детска градинка во с. Двориште	50 деца	о. Берово				

		вкупен опфат од 230 деца								
		Згрижување и воспитание на деца - Постојни детски градинки со вкупен опфат од 50 деца	Нови капацитети за згрижување и воспитание на деца	Проширување/ доградба на нови капацитети во ЈОУДГ Кокичиња - с. Таринци, о. Карбинци	50 деца	о. Карбинци	17.446.333,00 МКД	16.511.733,00 МТСП	934.560,00	
		Згрижување и воспитание на деца - Нови детски градинки со вкупен опфат од 100 деца	Нови капацитети за згрижување и воспитание на деца	Изградба на нови капацитети во с. Карбинци	100 деца	о. Карбинци	42.892.666, 00 МКД	38.892.666,00 МТСП	4.000.000,00	
		Згрижување и воспитание на деца – Постојани детски градинки со вкупен опфат од 93 деца	Унапредување на ресурсите со вклучена инклузивна култура и практика	Уредување на сензорна соба и сензори во градината		о. Пехчево				
		Згрижување и воспитание на деца – Постојани детски градинки со вкупен опфат од 93 деца	Подобрување на енергетската ефикасност на детската градинка	Промена на кровната конструкција и спуштање на плафоните Промена на внатрешни врати и прозорци Промена на парно инсталацијата и радјаторите		о. Пехчево				
	Деца со попреченост	Згрижување и воспитание на деца - Постоен опфат од 44 деца	Услуги во заедницата	Центар за помош и поддршка на деца со лесни пречки во развојот за нивна инклузија во воспитно-образовниот процес	44 деца				ЈУМЦСР Штип, о. Штип	НВО

		Дневни центри за лица со телесна и ментална попреченост Виница	Услуги во заедницата	Дневни центри за лица со телесна и ментална попреченост Виница	10-15	о. Виница		МТСП	МТСП, ЦСР	НВО
	Ромски деца	Згрижување и воспитание на деца	Згрижување на деца од предучилишна возраст	Инклузија на деца роми во предучилишни установи	18	о. Берово				
		Згрижување и воспитание на деца - Постоен опфат од 16 деца				о. Штип		МТСП, о. Штип	о. Штип	НВО
		Згрижување и воспитание на деца - Постоен опфат од 14 во детската градинка и 50 деца во основното училиште			64	о. Пехчево				
	Деца без родители		Услуги за вон-семејна заштита	Живеење со поддршка (мал групен дом)		о. Штип, о. Карбинци				
				Зголемување на бројот на згрижувачки семејства						
		Услуги за вон-семејна заштита.		Живеење со поддршка (мал групен дом)	5 - 7 деца	Целиот регион		МТСП	ЦСР, општини од ИПР	
			Отворање на мал групен дом	Живеење со поддршка	3-6 деца	о. Пехчево				
			Отворање на мал групен дом	Лица над 18 годишна возраст и групни домови за лица со попреченост над 26 годишна возраст, обезбедување на стамбени единици за	3-6 деца	о. Делчево				

				домување и шелтер центар за жртви на семејно насилство						
	Деца со воспитно-социјални проблеми		Услуги за вон-семејна заштита	Живеење со поддршка (мал групен дом)						
	Деца во ризик		Услуги во заедницата	Дневен центар за деца на улица						
			Услуги на советување	Стручни граѓански организации кои би понудиле советувалишна работа	деца во судир со законот, нарушени семејни односи, жртви на врсничко насилство и семејно насилство				о. Делчево, ЦСР, ЗГ	ЦСР, ЗГ
	Деца од сиромашни семејства		Летен / зимски одмор					МТСП, општини од ИПР	општини од ИПР	

СОЦИЈАЛЕН РИЗИК	ЦЕЛНА ГРУПА	ПОСТОЈНА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА	ПОТРЕБА ОД РАЗВОЈ НА НОВА СОЦИЈ. УСЛУГА	НАЧИН	ПРОЕКТИРАН ОПФАТ НА КОРИСНИЦИ	ТЕРИТОРИ-ЈАЛЕН ОПФАТ	ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ (во денари)	ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ	НОСИТЕЛ	ПАРТНЕРИ
СИРОМАШТИЈА И СОЦИЈАЛНА ИСКЛУЧЕНОСТ	Сите потенцијални корисници на социјални услуги	Услуги на информирање и упатување	Зајакнување и зголемена достапност	Дигитализација		од целиот плански регион		МТСП, Меѓународни извори	ЦСР	НВО
				Инфо точки и кадар во општините каде што не е седиштето на ЦСР		од целиот плански регион			ЦСР, општини од ИПР	
		Услуги на информирање и упатување	Зајакнување и зголемена достапност	Дигитализација		од целиот плански регион		МТСП, Меѓународни извори	ЦСР, општини од ИПР	НВО
				Инфо точки и кадар во општините каде што не е седиштето на ЦСР		Урбаниот дел на о. Берово				
		Услуги на информирање и упатување	Зајакнување и зголемена достапност	Фасилитатори за одржување на социјални услуги	4	о. Берово				
		Услуги на информирање и упатување преку ЦСР	Услуги на информирање и упатување преку овластени провајдери	посебен сет на информации за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени, тешко вработливи и лицата со попреченост		о. Делчево			о. Делчево	
		Услуги во домот	Услуги во домот – нега на лица – пост ковид	Пост ковид негувателина лица забоелни од алцхајмер, мултиплекс склероза и палијативна нега	4	о. Берово				
	Роми	Активација	Услугата на информирање и упатување ќе биде насочена кон активација и вклучување на		Најмалку 100 Роми активни барателина работа		200.000,00 денари за период од 1 година	Средства од ЕУ, УНДП, Швајцарска агенција за		МТСП, о. Штип АВРМ, Ромски НВО

			пазарот на труд (Ромска заедница, млади невработени, долгрочно невработени, лица со ниска квалификација)					развој и соработка		
		Активација и вклучување на пазарот на трудот	Услуги на советување	Роми	900 роми	о. Штип и о. Карбинци			АВРМ	ЈУМЦСР Штип и АВРМ
	Жртви и сторители на семејно насилство	Услуги на информирање и упатување	Зајакнување и зголемена достапност	Фасилитатори за одржување на социјални услуги	1	о. Берово				
			Услуги на советување	Психо-социјална поддршка на жртвите;	38 жртви	о. Штип и о. Карбинци		МТСП	ЦСР	
				Психо-социјален третман на сторителите	10 сторители			МТСП		НВО
			Услуги во заедницата	Услуга за привремен престој на жртвите	2 жртви					
			Услуги во заедницата	Услуги на интервентен престој за жртви на семејно насилство и родово базирано насилство	20 Жртви на семејно насилство	о. Штип и о. Карбинци	150.000,00 денари годишно за изнајмување на простор	Средства од ЕУ, донации/ донаторски средства о. Штип	Здружение на граѓани ЕХО	МТСП, фондации ЈУМЦСР Штип
			Услуги на советување	Психо-социјална поддршка на жртвите	10 жртви	о. Виница				
				Психо-социјален третман на сторителите	8 сторители					
			Услуги во заедницата	Услуга за привремен престој на жртвите	2 жртви					
			Услуги на советување	Психо-социјална поддршка на жртвите		о. Берово	МТСП		ЦСР, НВО	

				Психо-социјален третман на сторителите			МТСП		ЦСР, НВО	
			Услуги во заедницата	Услуга за привремен престој на жртвите	5 жртви			МТСП, МЛС-БРР, меѓународни извори	НВО	
	Лица зависници		Услуги во заедницата	Дневен центар за зависници	4 зависници	о. Штип и о. Карбинци				
				Услуги за рехабилитација и реинтеграција						
			Услуги во заедницата	Услуги за рехабилитација и реинтеграција Дневна услуга во центар за рехабилитација, реинтеграција и ресоцијализација (има потреба од доопремување на посточки простор кој го работи Младински Клуб Штип со мебел и електронски апарати и внатрешно обновување на столарија и ѕидови за 80 м²)	50 корисници на дроги и нивните семејства; затвореници	о. Штип и о. Карбинци	Ипорака на услугата за 24 месеци 11.329.200,00 (5.664.600,00 ден. годишно) (Потреба од ангажман на психолог и работен терапевт за рехабилитација без медикамент)	Средства од ЕУ, донации/ донаторски средства о. Штип		ЗГ, Младински клуб Штип
			Услуги во заедницата	Услуги за рехабилитација и реинтеграција		о. Берово		МТСП, МЛС-БРР, меѓународни извори	НВО	
	Работоспособни корисници на ГМП	Активација							АВРМ и ЦСР	

	Млади до 29 год.(NEET)	Младинска гаранција	Услуги во заедницата	Младински центар	50 млади	о. Берово		МТСП, о. Берово	о. Берово	
	Роми	Активација	Услуги на советување					МТСП	НВО	
	Затвореници по отслужување на казната		Услуги во заедницата	Ресоцијализација	70	о. Штип и о. Карбинци				
			Услуга на советување		100	о. Пробиштип	360.000,00 МКД за 36 месеци	Донатори, ОО Црвен Крст Пробиштип, општина		
			Услуга на информирање и упатување		Жители на општина Пробиштип	о. Пробиштип	300.000,00 МКД за 36 месеци	Донатори, општина		

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип
в.д. Директор
Виктор Горгиевски

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани
Директор
Кирил Ковачев

ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип
в.д. Директор
Јане Андовски

ЈУ Центар за социјална работа Виница
в.д. Директор
Дарко Костадинов

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово
Директор
Маја Наколова

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево
Директор
Благој Стоименовски